*Број 09-3/4*
*10.11.2021 год.*
*Скопје*

**УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
# Број 4/2021

10 ноември, 2021 година
Скопје

**СОДРЖИНА**

---

РЕФЕРАТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**А) Општествени науки:**

1. Еден наставник во научно-истражувачко поле 506 организациски науки и управувањре (менаџмент), област бизнис менаџмент (50603), маркетинг менаџмент (50608) и друго (50624) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје................................................3

**В) Природно-математички науки:**

1. Еден наставник во, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја.....................................39

**Издавач**
**Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕТСКАТА КОМИСИЈА**
**ЗА ИЗБОР НА**
**д-р НИНА АНГЕЛОВСКА**

**ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ**
**ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ ОРГАНИЗАЦИСКИ НАУКИ И УПРАВУВАЊРЕ (МЕНАЏМЕНТ), ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ (50603), МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ (50608) И ДРУГО (50624) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

**Проф. д-р Димитар Јовевски – вонреден професор, Претседател, УКИМ, Економски факултет,**
**Проф. д-р Далиборка Блажеска, редовен професор, член, УТМС, Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент,**
**Проф. д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, член, УТМС, Факултет за претприемачки бизнис**

| | |
|---|---|
| | До Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје<br>Република Македонија |

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Нина Ангеловска**, во наставно-научно звање доцент, за научно-истражувачко подрачје 5: Општествени науки, научно-истражувачко поле 506: Организациски науки и управување (менаџмент), област 50603: Бизнис менаџмент, 50608 Маркетинг менџмент и 50624 Друго

Врз основа на одлука на Наставно научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје бр.15-168/3 од 25.08.2021 година за избор во звање, и објавениот Конкурс на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје во весникот "Нова Македонија" во согласност со Член 172 и 173 од Законот за високо образование (Службен Весник на РМ бр.82-2018) за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање доцент, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област Бизнис менаџмент (50603), Маркетинг менџмент (50608) и Друго (50624) Наставно-научниот совет на Економски факултет одржа седница со записник број 15-189/3 од 17.09.2021 година.
На истата седница, донесена е одлука број.15-480189/3 од 17.09.2021 година за именување на **Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање доцент за научно-истражувачко

подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област Бизнис менаџмент (50603), Маркетинг менџмент (50608) и Друго (50624) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:

1. Проф. д-р Димитар Јовевски – вонреден професор, Претседател, УКИМ, Економски факултет,
2. Проф. д-р Далиборка Блажеска, редовен професор, член, УТМС, Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент,
3. Проф. д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, член, УТМС, Факултет за претприемачки бизнис

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање доцент за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област Бизнис менаџмент (50603), Маркетинг менџмент (50608) и Друго (50624) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:

- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 7 септември 2021 година и на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (www.utms.edu.mk) на 7 септември 2021 година;
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Нина Ангеловска и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,

Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

# И З В Е Ш Т А Ј

За кандидатот д-р Нина Ангеловска,

1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот (Прилог 1),
2. Список на научните и стручните трудови според категории (Прилог 2),
3. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – доцент, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија (Прилог 3), како и

4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во редовен професор (Прилог 4),
5. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање доцент во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Организациски науки и управување (менаџмент), област Бизнис менаџмент (50603), Маркетинг менџмент (50608) и Друго (50624) *(Прилог 5),*

# 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — д-р Нина Ангеловска

Кандидатот, д-р Нина Ангеловска е родена 13.07.1988 година во Скопје. Основното и средно образование ги оформила во Скопје, гимназија Раде Јовчевски Корчагин. Во академската 2006/2007 година се запишала на студии на Економскиот факултет при универзитетот Кирил и Методиј во Скопје и дипломирала во 2010 год на департманот Е-Бизнис како најдобар студент на генерацијата и со постигнат успех од 9,94. Воедно ја добива и Манинговата награда како најдобар студент од општествени науки на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

За време на студирањето Нина е ангажирана како демонстратор на Економскиот Факултет по предметите: Математика за бизнис, Статистика за бизнис и Веб Дизајн, а воедно зема учество на повеќе национални и меѓународни натпревари. Од меѓународни натпревари најзначаен е Balkan Case Challenge во Виена, поддржан од WUS Austria, каде Нина освојува 3то место, додека од националните најуспешна е на натпреварот за најиновативен бизнис план организиран од Националниот центар за развој на иновации и претприемништво каде освојува прво место, а со тоа и почетен капитал за реализација на нејзината бизнис идеја.
Професионалната кариера ја започнува со основање на првиот веб сајт за групни попусти во Македонија – Групер.мк, веднаш по дипломирањето со што стекнатото знаење го применува во пракса. Групер го предизвикува раздвижувањето на пазарот на е-трговија во земјава, доживува огромен успех, станува лидер на пазарот и се здобива со бројни награди и признанија.
Во исто време Нина продолжува со образованието на Економскиот факултет Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и во 2012 година се стекнува со звање Магистер на економски науки во областа на е-бизнис менаџмент со просечна оценка од 9,5. Во 2013 година таа ги започнува докторските студии и во 2016 година се стекнува со научен назив Доктор на науки по организациски науки и управување при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.
Со нејзиното 10 годишно искуство во менаџирање на водечката компанија за е-трговија и успешната претприемачка приказна, Нина е говорник, предавач и ментор на бројни настани, конфенреции и академии. Од 2012 година до денес Ангеловска има земено учество како говорник на над 300 домашни и интернационални настани меѓу кои Самитот на земјите од Западен Балкан во Лондон, Самитот на Форбс 30 под 30 во Софија, УНКТАД Неделата на е-трговија во Женава и многу други.
Пасијата, желбата и ентузијазмот за работа, прогрес и промени како и синергијата од науката и практичната работа и отвораат бројни можности. Нина е ангажирана како консултант на повеќе различни проекти меѓу кои соработка со УНКТАД, Македонски Телеком и други. Во 2017 година Американската Амбасада ја номинира за Глобалниот Самит на Претприемништво (Global Entrepreneurship Summit 2017) одражн во Индија, каде Ангеловска учествува како претставник

претприемач од земјата.
Под програмата на Стејт Департманот на САД, “Tech Innovation and Entrepreneurship Professional Fellows Program”, во период Април-Мај 2018, Ангеловска престојува во САД каде работи во Центарот за претприемништво при “Универзитетот De Paul” во Чикаго.
Нејзниот потенцијал и напорна работа е меѓународно препознен. Во 2016 година еминентниот германски магазин The Hundert ја вбројува Ангеловска во листата на 100 успешни жени основачи на старт-апи во Европа (100 Female Founders Europe), а во 2018 година магазинот Forbes ја наградува со престижното признание “30 под 30” (30 Under 30) за Европа во категоријата Малопродажба и Е-трговија.
Од 2018 година Ангеловска е член на управниот одбор на Европската Асоцијација за е-трговија (ЕМОТА) и член на советодавниот одбор во Фондацијата за е-трговија (Ecommerce Foundation). Во 2019 година станува и член на управниот одбор на Стопанската Комора на Македонија.
Исто така во 2019 година Ангеловска доби покана од УНКТАД да биде жена амбасадор за дигитилна трговија (eTrade for Women Advocate) и е избрана во 2020 и 2021 година.
Во 2019 година Ангеловска е министер за финасии.
Учествувала на повеќе научни собири, конференции, семинари и советувања од областа на менџментот и е-трговијата во земјата и странство и има објавено повеќе трудови.
Поседува напредни комјутерски вештини и одлично го познава англискиот јазук.
Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирала својата истражувачка ориентација кон проучување на полето на менаџментот.

# 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:
2.1. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и
2.2. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

## 2.1. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Нина Ангеловска во нејзината научна и истражувачка активност напишала докторска дисертација и објавила 5 научни во меѓународни научни публикации, 5 публикации на меѓународни конференции, повеќе стручни трудови и 2 книги.
Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

- 2.2.1. Докторска дисетација
- 2.2.2. Објавени научни трудови
- 2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
- 2.2.4. Учество во научни проекти

## 2.2.1. Докторска дисертација

Докторската дисертација на тема: "ОДГОВОРИТЕ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО Е-ТРГОВИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: СЛУЧАЈ НА САЈТ ЗА ГРУПНО КУПУВАЊЕ ПРЕКУ ДНЕВНИ ЗДЕЛКИ – GROUPER.MK" ја одбранила на 11.11.2016 година на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет Св."Кирил и Методиј" во Скопје, пред комисија во состав: во состав: проф. д-р Калина Треневска Благоева (претседател), проф. д-р Сашо Јосимовски (ментор), проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска (член), проф. д-р Пеце Митревски (член) и проф. д-р Зоран Јаневски (член).

Со одбрана на докторската дисертација се стекнала со академски степен доктор на науки по организациски науки и управување (PhD).

Докторската дисертација е комплексна, оригиналана, научно-методолошки издржана, и третира мошне современа и речиси необработувана тема заради кратката историја на е-трговијата во Република Македонија, а особено е значајна од аспект на емпирискиот пристап.

Електронската (интернет) трговија, во светски рамки, се појавува кон средината на 90-тите години од минатитот век, за во текот на претходната деценија да доживее вистински бум. Притоа, бројот на трансакции и прометот остварен преку интернет, во
развиените земји, сериозно се приближува до оној остварен од традиционалната продажба. Електронската трговија станува многу значајна за компаниите, институциите
и за владите. Е-трговијата и поврзаните активности преку интернет можат да бидат мотор за подобрување на економската состојба во земјата, а воедно и да придонесат за поголема
интеграција на земјата во глобалните трендови. Важноста на е-трговијата во земјите во
развој е уште понагласена отколку во развиените земји, најмногу поради намалување на
неефикасноста и зголемување на продуктивноста. Министерството за информатичко општество (МИО), во 2008 година, започна со преземање активности во насока на идентификување на можностите и проблемите во на е-трговијата и иницирање мерки за нивно разрешување. Република Македонија заостануваше на овој план од повеќе причини: долгогодишната ниска интернет-пенетрација; недостапноста, а подоцна и неискористувањето на платежните картички; немањето избор од каде да се купува, бидејќи не постоеја македонски интернетпродавници; огромниот број странски интернет-продавници кои не дозволуваа нарачки направени од лица од Република Македонија, а исто така, како еден од главните се јавуваа банките, кои, преку високите провизии, го дестимулираа отворањето на он-лајн продавници. Значајно раздвижување во областа на е-трговијата во Република Македонија се забележува дури во 2011 година, и тоа најмногу како резултат на лансирањето на бизнисмоделот за групно купување преку дневни зделки на македонскиот пазар од Grouper. Сајтовите за групно купување значајно влијаеја на он-лајн купувањето во Македонија, пред сѐ како резултат на атрактивноста на понудата која е главен мотиватор за да се осознаат придобивките што ги нуди е-трговијата.

Интернет-пенетрацијата во 2010 година во Република Македонија изнесуваше 46%, додека во 2014та година изнесуваше речиси 70%, што говори за развојот и зголемениот потенцијал за онлајн бизнис во земјата. Во 2010 година, само 5% од населението имало направено нарачка онлајн, додека во 2014 година веќе над 15%

од
населението купувало онлајн. Значаен пораст низ годините се забележува и во бројот на
иматели на платежни картички, а уште поголем раст бележи бројот и вредноста на трансакциите направени преку персонален компјутер. Grouper.mk е првиот македонски сајт за групни попусти преку дневни зделки, лансиран во јануари 2011 година, кој влијаеше на раздвижување на е-трговијата во земјата и на кој се спроведени истражувањата во докторската дисертација.

Актуелноста и релевантноста на оваа современа проблематика е поврзана со фактот што е-трговијата придонесува за зголемен економски раст, а за таа да се развива
потребно е успешно менаџирање и справување со предизвиците кои стојат пред сите
засегнати страни во неа, особено менаџерите на компаниите. Темата на оваа докторска
дисертација обработува една релативно нова тема. Иако истражувањата на оваа тема во
светски рамки се започнати со почетоците на е-трговијата, секако тоа се однесува на
развиените пазари. Литературата во земјите во развој е со уште понов датум и е прилично
оскудна. Ако се има предвид дека е-трговијата во Република Македонија е уште во повој,
тогаш научниот придонес на овој труд кој ја обработува оваа значајна тема е многу голем.
Покрај научниот придонес, овој труд нуди и практично применливи насоки и резултати
кои може да им послужат на сите учесници во е-трговијата. Интегрирањето на искуството
на кандидатката како основоположник на сајт за групно купување и директен учесник во
е-трговијата и стекнатото знаење на додипломски и постдипломски студии на е-бизнис
преточено во овој труд придонесува за збогатување на научната мисла во оваа област.

Од досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научниот интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистарскиот труд а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирал својата истражувачка ориентација кон проучување на финансиските пазари, а особено од аспект на квантитативниот пристап.

Во трудот за потребите на истражувањето во докторската дисертација се користат
примарни и секундарни податоци, како и податоци од интерна природа. Примарните
податоци се собрани во главно со прашалници со кои се истражува однесувањето, верувањата и мислењета на испитаниците поврзано со истражувачките цели. За прибирање на податоци од примарен карактер исто така се користени и интервјуа како
дел од квалитативната методологија. За анализа на прибраните податоци се користат статистички методи, како дескриптивна статистика, тестови на значајност,

статистичката техника АНОВА, додека за квалитативната анлиза се користи анализа на содржина. Исто така, за да се утврди взаемната врска помеѓу варијаблите употребени се методите на корелација и регресија како и факторска анализа. Врз основа на резултатите од аналитичките постапки се даваат синтетизирани заклучоци за поодделните предметни прашања. За спомнатите анализи, кандидатот користи статистички софтвер SPSS.
Во трудот, исто така, употребена е и методологијата наука на дизајнот (Design Science) како истражувачка метода која повеќе се применува во информатичките науки.
Оваа метода на истражување во овој труд се фокусира на дизајнирање на иновативен
модел за специфичен предизвик како што е креирање на игра во рамки на веб-сајтот. Студијата на случај како метода која што се искористи во истражувањето опфаќа сеопфатна анализа на корисничките поплаки на сајтот за групни попусти. Дополнително,
во последната глава, за креирање на модел за оценување на задоволството на крајните
корисници се користи моделирање со равенки (SEM) со цел да се истражат каузалните
врски помеѓу варијаблите во моделот

Докторската дисертација содржи вкупно 347 компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 387 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, Докторската
дисертација содржи 53 табели и 77 слики, кои се функција на истражувањето и заклучоците до кои дошол кандидатот. Содржински трудот структуриран во пет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.
Материјата во овој труд е систематизирана во пет глави, тргнувајќи од елементарното,
теоретско и емпириско образложение на е-трговијата. Понатаму во воведот се дефинираат
главните предизвици претставени со дијаграм за структурата на трудот, кои стојат пред
секој менаџер во е-трговијата.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Развојот на е-трговијата и групното купување во Република Македонија“. Во неа се анализирани појавата, развојот
и значењето на е-трговијата, придобивките за организациите, корисниците и општеството, како и придобивките од примената на е-трговијата. Понатаму, во оваа глава
е претставен моделот на групното купување, неговата историја и развојот на светско ниво,
со посебен акцент на основоположникот на моделот на групно купување преку дневни
зделки - Groupon. Исто така, претставена е состојбата на е-трговијата во Македонија,

предусловите за нејзин развој и појавата на сајтовите за групни попусти преку дневни
зделки во земјата со посебен акцент на првиот сајт од ваков тип во Република Македонија
- Grouper. Преку анализа на он-лајн трансакциите на сајтовите за групно купување и
вкупниот број трансакции во земјата, се анализира влијанието на сајтовите за групни попусти врз развојот на е-трговијата во Македонија. Во оваа глава е објаснет бизнисмоделот на групното он-лајн купување, како онлајн посредништво преку примерот на Grouper. Поради комплексноста на бизнис-моделот, предизвиците за негово менаџирање се уште понагласени во споредба во друг он-лајн бизнис. Комплексноста на моделот произлегува од фактот што на една страна на моделот се понудувачите на услугите и производите кои воедно се и клучот на самата понуда, а од друга страна се нивниот краен корисник. Оваа глава претставува појдовна точка за пристапување кон предизвиците кои постојат на пазарот на е-трговијата, на што се даваат соодветни одговори во следните четири глави.

**Втората глава,** која е насловена „Гемификацијата како средство за постигнување на бизнис цели", ја анализира примената на елементи на игра на случајот
на Grouper во контекст на остварување на поставените бизнис цели. Оваа глава ја анализира гемификацијата која претставува тренд на светско ниво во насока на користењето на елемент на игра а во контекст на водење на бизнис или на остварување на
соодветни бизнис цели. Гемификацијата се анализира како предизвик за менаџерите во
е-трговијата и тоа како алатка за постигнување бизнис-цели како: зголемување корисници, стимулирање и мотивирање вработени за продажба, зголемување продажби,
јакнење бренд, решавање проблеми и слично. Врз база на успешни апликации на гемификација на Grouper се презентираат резултатите во форма на постигнати цели како
одговор на предизвикот кој стои пред секој е-трговец и компанија воопшто, односно постигнување на бизнис-целите како зголемување на продажби, број на корисници и
решавање проблеми.

**Третата глава** под наслов „Менаџирање на односи со корисници (CRM)" е посветена на справување со незадоволните купувачи во насока на градење и водење на
успешни односи со потрошувачите и градењето профитабилна врска со нив. Во оваа глава
се истражува менаџирањето на поплаките на незадоволните корисници во насока на
нивно задржување. Преку анализа на содржината на поплаките во Grouper се анализираат
причините за незадоволство и начините на справување со незадоволните корисници од
аспект на он-лајн посредник. Се дефинираат категории на различни поплаки и различни
корисниции и понудени се начини за најдобро справување со истите, а со цел задржување
на корисниците. Заклучоците што се изведени претставуваат релевантни предлози

за справување со незадоволните корисници кои можат да се применат речиси во сите онлајн компании, а воедно, успешното менаџирање на поплаките е одговор на поставениот предизвик за задржување на незадоволните корисници како редовни купувачи во иднина.
Дополнително, во оваа глава се анализира активноста на корисниците на Grouper, со што се укажува на важноста на анализата на купувачите со цел донесување подобри одлуки на ниво на купувач и персонализирано пристапување кон индивидуалните купувачи. Со анализа на интерните податоци во оваа глава се формира слика за просечниот Grouper корисник.

**Четвртата глава** под наслов „Следење на трендови – предуслов за раст и равој" е посветена на важноста на постојаното следење и адаптирање кон промените кои ги носат новите технологии. Се нагласува важноста од постојаното мониторирање на податоците за продажбата, бројот на продадени зделки, бројот на корисниците, на дневно, месечно и на годишно ниво и анализа на истите во е-трговијата. Анализирањето на податоците има за цел да укаже дека со правилна анализа лесно може да се детектира проблем и соодветно да се реагира и воедно да се оствари одржлив раст на бизнисот. Оваа глава го истражува влијанието на лансирањето на Grouper мобилната апликација и Facebookрекламирањето, како два значајни тренда кои стојат како предизвици пред секоја он-лајн компанија која сака да оствари конкурентска предност и континуиран раст. Преку двата примера на успешно следење и адаптирање на новите трендов се покажува дека клучно за секоја компанија е да е во тек со промените и да ги адаптира своите стратегии спрема новите трендови кои ги носат технологиите.

Спроведеното истражување во **петтата глава** овозможува да се креира сеопфатна слика за сите претходно анализирани предизвци во е-трговијата и е насловена „Оценување на задоволството на компаниите – даватели на услугите и на купувачите – крајни корисници на промоциите на Grouper". Во оваа глава се истражуваат двете страни на бизнис-моделот на групно купување, и тоа: давателите на услуги и производи т.е компаниите, од една страна и крајните корисници, т.е купувачите на услугите и производите, од друга страна. Оваа глава се надоврзува на претходните три глави во кои се презентирани успешни одговори на предизвиците кои стојат пред секоја компанија која се занимава со е-трговија и претставува аутпут на успешното менаџирање на онлајн посредникот – Grouper - кој се прикажува со истражување на задоволството на компаниите и крајните корисници. Резултатите од спроведените прашалници, интервјуа и интерните податоци се анализирани за да се оцени задоволството на компаниите и

корисниците. Задоволството на компаниите од промоциите е оценето преку анализа на
успешноста на промоциите за компаниите, на долг рок, и на анализа на краткорочната
профитабилност или на стапката на поврат на инвестиции (ROI) на случајот на рестораните, како најкритична категорија кај сајтовите за групно купување. Исто така,
анализата на интерните податоци ја покажува стапката на повторување на соработката со
Grouper, што исто така може да биде индикација за задоволни компании. Анализата на
резултатите произведува соодветни заклучоци, според кои се предложени совети за успешни промоции на различните категории компании кои прават онлајн промоции со
попусти, а се со цел максимизирање на резултатите од промоцијата, а со тоа и позадоволни соработници. Задоволството на втората страна од посредничкиот модел, т.е
на крајните корисници, се оценува преку искажаното самооценето задоволство на корисниците од Grouper. Креиран е модел со употреба на модел на структурни равенки
(SEM) со цел оценување на задоволството на крајните корисници, кој може да се примени
кај речиси секој онлајн посредник.

Врз основа на резултатите од сите спроведени анализи во петте глави на трудот формирани се **заклучните согледувања** за тоа во која насока менаџерите на онлајн компаниите треба да одговорат на предизвиците кои стојат пред нив со цел остварување раст и конкурентска предност. Анализата на првиот предизвик укажува дека постојаната успешна примена на гемификацијата креира ангажираност на корисниците, градење врска со постојните и привлекување нови купувачи, а воедно и зголемување на продажбите. Понатаму, вториот поставен предизвик, т.е успешно менаџирање на поплаките, покажува дека 80% од незадоволните корисници продолжиле да купуваат, што значи дека бил применет соодветен модел за справување и компензирање на купувачите за незадоволството. Резултатите од истражувањето на задоволството на корисниците и нивните интенции за лојалност, во последната глава, уште повеќе го потврдува успешното менаџирање на врските со корисниците. Адаптацијата кон новите трендови кои се илустрирани преку анализа на влијанието на мобилната апликација, е исто така поддржана со истражувањето во последната глава каде, од вкупно 2691 испитани, над 60% одговориле дека редовно ја користат мобилната апликација. Анализата на Facebook-рекламирањето во насока на одговор на технолошките промени, во четвртата глава покажува дека ефективната и правилна употреба на новите алатки може да предизвика раст и максимизирање на инвестираните средства. Во целост, по направената анализа на кандидатката, може да заклучиме дека соодветните одговори на
предизвиците од менаџментот на Grouper кои се анализирани во трудот, придонесуваат
за креирање раст, конкурентска предност и задоволни соработници и крајни корисници.

*Научниот придонес*

Научниот придонес на докторската дисертација произлегува од фактот што таа

претставува комплексна оригинална, научно-методолошки издржана, и третира мошне современа и речиси необработувана тема заради кратката историја на е-трговијата во Република Македонија.

Интегрирањето на искуството на кандидатката како основоположник на сајт за групно купување и директен учесник во е-трговијата и знаењето стекнато на додипломски
и постдипломски студии од е-бизнис преточено во овој труд, придонесува како во збогатување на научната мисла во оваа област, а исто така и во нудење на практични предлози и совети при водење на е-трговија. Докторскиот труд претставува заокружување
на еден долгогодишен процес на учење и работа, во кој што стекнатото знаење и теорија
на авторот му помогнале да основа и менаџира успешен бизнис, но воедно опсервацијата,
проблемите, како и истражувањето во текот на работата му дадоа можност да придонесе
кон теоријата и научната мисла

Трудот обработува една релативно нова тема. Иако истражувањата на оваа тема во светски рамки се започнати со почетоците на е-трговијата, секако тоа се однесува за
развиените пазари. Литературата во земјите во развој е со уште понов датум и доста оскудна. Ако се има предвид дека е-трговијата во Република Македонија е се уште во
повој, тогаш научниот придонес на овој труд кој ја обработува оваа значајна тема е огромен. Покрај научниот придонес, овој труд нуди и практично применливи насоки и
резултати. Подрачјето на примена на резултатите од докторската дисертација е големо ако
се има предвид фактот дека тие може да му послужат речиси на секој менаџер при справувањето со предизвиците на новиот технолошки свет. Низ предизвиците на менаџирањето во е-трговијата, прикажани преку случајот на Grouper, трудот покажува
како е-трговците поуспешно да ги менаџираат своите бизниси. Тие треба постојано да
вршат мониторирање на состојбите, пред сé преку следење на внатрешните и надворешните податоци, анализа и соодветна реакција. Е-трговците, во трудов, можат да
ја видат примената на новите трендови во светот и да осознаат како нивната примена
може да доведе до поголема ефективност..

## 2.2.2. Објавени научни трудови

### 2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој д-р Нина Ангеловска покрај докторската дисертација објавила 5 научни труда објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецезенти и се застапени во една од релевантните библиографски бази на податоци, 5 научни труда објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции и 2

книги.

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. Angelovska Nina. (2021). Understanding customers complaint behavior for effective resolution. UTMS Journal of Economics 12(1), 57–69.

2. Angelovska Nina, Josimovski Sasho. (2021). Application of gamification as a driver for better business performances: Case of Grouper. Interdisciplinary Description of Complex Systems, 19(1), 132-145,

3. Angelovska Nina and Pulevska Ivanovska Lidija (2019). New E-Commerce Business Models Can Boost Its Development: Case Of North Macedonia, Interdisciplinary Description of Complex Systems, 17(4), 753-762,

4. Angelovska Nina, Josimovski Sasho and Pulevska Ivanovska Lidija. (2019). Drivers that Impact the Merchants' Repeat Intention for Group Deal Promotions, Managing Global Transitions, 17(3), 221-238.

5. Angelovska Julijana, Bilic Sotiroska Snezana, Angelovska Nina, (2012). The Impact of Environmental Concern and Awareness on Consumer Behaviour, Journal of International Environmental Application & Science, Vol 7 (2) 406-416.

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. Angelovska Nina. (2020). Content analysis of online customer complaints: categorization and effective resolution, In *Proceedings of the International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: ALTERNATIVE PATHS FOR DEVELOPMENT OF EMERGING ECONOMIES IN GLOBAL BUSINESS ENVIRONMENT. Skopje, Republic of Macedonia, 11 of November 2020, 203–215.* Skopje: University of Tourism and Management.

2. Angelovska Nina. (2020). The right timing for reactivating "dormant" customers, In *Proceedings of the International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: ALTERNATIVE PATHS FOR DEVELOPMENT OF EMERGING ECONOMIES IN GLOBAL BUSINESS ENVIRONMENT. Skopje, Republic of Macedonia, 11 of November 2020, 216–230.* Skopje: University of Tourism and Management.

3. Pulevska Ivanovska Lidija, Angelovska Nina, Josimovski Sasho, and Postolov Kiril. (2015). Retailers' evaluation of group deal promotions, in Proceedings of BASIQ 2015 International Conference on New Trends in Sustainable Business and Consumption, 18-19 June 2015, Bucharest, Romania Jointly organized by Business and Tourism Faculty, Amfiteatru Economic Journal and The Association for Innovation and Quality in Sustainable Business, 580-588.

4. Angelovska Nina and Josimovski Sasho. (2014). The Effects of Gamification: Case of Group Buying Site, in Proceedings of International Conference on Applied Internet and Information Technologies ICAIIT 2014, October 24, Zrenjanin, Serbia, 145-148.

5. Angelovska Nina and Pulevska Ivanovska Lidija. (2014). The role of Group Buying Sites in Development of E-Commerce in Macedonia, in Proceedings of International Conference on Applied Internet and Information Technologies ICAIIT 2014, October 24, Zrenjanin, Serbia, 149-155.

### 2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Нина Ангеловска во наставно-научно звање доцент.

#### 2.2.3.1. Пред избор во звање доцент

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

### а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. Angelovska Nina. 2021. Understanding customers complaint behavior for effective resolution. *UTMS Journal of Economics* 12(1): 57–69.

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/index.php/past-issues/2-uncategorised/46-vol-12-no-1
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) ABI/INFORM (ProQuest); ABI/INFORM Global (ProQuest), AP PLATFORMS; C.I.R.E.T.; DOAJ; EBSCO; EconBiz; Econis; EconPapers; EconStor; EDRIC; EZB; GOOGLE SCHOLAR; IDEAS; Open J-Gate; RePEc; Socionet; ZBW, Business Collection (ProQuest), Business Premium Collection (ProQuest).*Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација: M30*

*Опис на трудот*

Менаџирањето на поплаките од незадоволните корисници е од особена важност за

задржување на корисникот и градење профитабилна врска со истиот. Ако се има предвид трошокот за привлекување на нови корисници кој во современиот висококонкурентен бизнис свет е многукратно поголем од трошокот за задржувањето на постоечкиот корисник, правилното решавање на поплаките е стратегија која заслужува внимание. Во трудот преку анализа на содржината на поплаките упатени кон сајтот за групно купување Групер, се покажува дека навременото решавање на проблемите со незадоволството на корисниците води кон задржување на истите и понатаму да ги користат услугите. 220 поплаки и соодветните дадени решенија беа разгледани и беа категоризирани 6 причини за незадоволство на корисниците и 3 начини на компензација на незадоволството. 43% од поплаките биле решени со рефундирање, замена на производот или понудена гратис услуга. Останатите поплаки биле решени и дадено објаснување на корисникот. Анализата на интерни податоци за историјата на купување на корисниците кои упатиле поплаки покажува дека 80% од корисниците продолжиле да купуваат и во иднина. Ова укажува на задоволително справување и решение на проблемот на секој корисник, додека начинот на компензација за незадоволството нема значајно влијание, односно нема значајна разлика во задржувањето кај корисниците на кои им било компензирано со рефундација, гратис производ или решение на проблемот и дадено објаснување. Значајна разлика во продолжувањето со купување по поплаката се забележува кај корисниците кои имале направено повеќе купувања пред незадоволството, што води до заклучокот дека редовните корисници е помалку веројатно дека незадоволството ќе ги натера да престанат со купување за разлика од оние кои имале направено само неколку купувања.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се однесува на истражувањето на поплаките на незадоволните клиенти со цел нивно успешно менаџирање.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот во овој труд е 100% и се согледува во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговијата и маркетинг и бизнис менаџмент.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

2. Angelovska Nina, Josimovski Sasho. (2021). Application of gamification as a driver for better business performances: Case of Grouper. Interdisciplinary Description of Complex Systems, 19(1), 132-145
    - *Достапност на трудот:* https://www.indecs.eu/2021/indecs2021-pp132-145.pdf
    - *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
    - *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
    - *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци Web of Science Core Collection, DOAJ EBSCO Academic SearchTM Complete, EconLit, ERIH PLUS, and Ulrich's.
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски

- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1334-4684

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)

- *Проценет придонес на авторот:* 100%

- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови

- *JEL класификација: M39*

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да ја истражи апликацијата на гејмификација како нов тренд кој се појави после 2010 година и најде примена, покрај другите индустрии како едукација и во бизнисите. Тое е нов вид на интеракција со клиентите за остварување на бизнис цели. За таа цел е креирана игра според моделот на 6D методологијата на случајот на Групер. По повод настан-роденден на Групер креирана е родедндендска слот машина за остварување на повеќе бизнис цели: зголемување на корисничката база, зголемување на месечната продажба и запознавање на корисниците со настанот. Дескриптивна анализа и Т тестот се ористени за оценка на ефектите од примената на играта. Резултатите покажаа дека играта ги постигнала поставените цели и бројот на нови корисници е зголемен за 318%, месечната продажба е зголемена за 45% и настанот успешно се реализира со запознавање на корисниците преку ангажирање во играта. Со истражувањето се докажа дека добро осмислена игра според однапред поставени бизнис цели може да биде успеѓна алатка во реализирање на бизнис целите.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се однесува на истражувањето на употребата на игра за остварување на бизнис цели. Тоа е нов тренд присутен после 2010 година и успешно се аплицира во е-трговијата, како и во други индустрии. Добро креираната игра може да ги подбри перформансите на компаниите.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на авторот во овој труд е 50% и се согледува во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговијата и маркетинг и бизнис менаџмент.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

2. Angelovska Nina and Pulevska Ivanovska Lidija (2019). New E-Commerce Business Models Can Boost Its Development: Case Of North Macedonia, Interdisciplinary Description of Complex Systems, 17(4), 753-762,

- *Достапност на трудот:* https://www.indecs.eu/2021/indecs2021-pp132-145.pdf

- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper

- *Опсег на трудот:* 1,1 a.a.

- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци Web of Science Core Collection, DOAJ EBSCO *Academic Search*™ Complete, EconLit, ERIH PLUS, and Ulrich's.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1334-4684
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* M39

*Опис на трудот*

Трудот цели кон идентифицирање на значајноста на развојот на е-трговијата во неразвиени земји како Македонија и влијанието на појавата на новите бизнис модели кои придонесао кон поголем раст. Со интернетот се развија многу нови бизнис модели кои придонесоа за развојот на е-трговијата. Еден таков модел е моделот на групно купување кој се појави во 2008 година во Америка и беше лансиран од Groupon кој многу брзо се рашири во светот преку разни клонови. Во Македонија сличен модел беше лансиран 2011 година од Групер, а потоа уште неколку клонови се појавија. Со појавата на новиот бизнис модел се случи револуција во е-трговијата во Република Македонија. Во 2010 година само 1% од населениоето купувало онлајн. Во 2011 година бројот на онлајн трансакциите порасна за 1200%, а притоа една третина од трансакциите беа направени од сајтовите за групни попусти. Во наредните години бројот на онлајн купувачи бележеше постојан раст. Атрактивноста на зделките понудени на сајтовите за групни попусти придонесе за интензивен раст на е-трговијата во Република македонија.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува проучувањето на влијанието на новите бизнис модели како резултат на интернетот за раст и развој на е-трговијата. Во Република Македонија појавата на сајтовите за групно купување и понудата на атркативни зделки со попуст над 50% придонесе за придвижување во растот на е-трговијата кој беше на прилично засотанато ниво.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се согледува во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговиата, бизнис и маркетинг менаџмент.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

3. Angelovska Nina, Josimovski Sasho and Pulevska Ivanovska Lidija. (2019). Drivers that Impact the Merchants' Repeat Intention for Group Deal Promotions, Managing Global Transitions, 17(3), 221-238.

- *Достапност на трудот:* https://econpapers.repec.org/article/mgtyoumgt/v_3a17_3ay_3a2019_3ai_3a3_3ap_3a221-238.htm

- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper

- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.

- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци International Bibliography of the Social Sciences, EconLit, Directory of Open Access Journals, Erih Plus, IBZ Online, EconPapers, Cabell's Directory of Publishing Opportunities, EBSCO, ProQuest
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN: 1581-6311

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)

- *Проценет придонес на авторот:* 100%

- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови

- *JEL класификација:* M31, M21

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да ги истражи драјверите кои влијаат на трговците да ја повторат соработката со сајтовите за групни попусти и да продолжат да ја користат оваа нова промотивна алатка за привлекување на клиенти. Истражувањето е направено со секундарни и примарни податоци. Примарните податоци се собрани со прашалник од трговците кои имале направено зделка со сајтот за групни попусти Групер. Тобит моделот е користен за анализа на податоците и оценка на факторите кои имаат влијание на продолжување на соработката. Резултатите покажаа дека за продолжување на соработката со сајтовите за групни попусти влијаат профитабилноста на зделката, потрошувачката на корисниците надвор од купонот, донесени нови корисници со зделката, а исто така резултатите покажаа дивергентност за различни категории на бизниси. Откритијата од овој труд можат да послужат на малите и средни бизниси како да ги подобрат резултатите користејќи ја оваа корисна промотивна алатка.
*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се однесува на проучувањето на ефектот на бизнисите од користењето на сајтовите за групни попусти за промоција. Уште повеќе трѕудот ги детектира драјверите кои ќе потикнат понатамошна соработка. Придонесот за македонските мали и средни претпријатија е дека наодите од истражувањата можат да им послужат при донесување на одлуки за користење на сајтовите за групни

попусти за промоција.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се согледува не само во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговиата, бизнис и маркетинг менаџмент.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

4. Angelovska Julijana, Bilic Sotiroska Snezana, Angelovska Nina, (2012). The Impact of Environmental Concern and Awareness on Consumer Behaviour, Journal of International Environmental Application & Science, Vol 7 (2) 406-416.

- *Достапност на трудот:* http://www.jieas.com/volumes/vol121-2/abs12-v7-i2-30.pdf

- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper

- *Опсег на трудот:* 0,7 а.а.

- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO, ProQuest, Index Copernicus, EconLit, Index Islamicus, RePEc, ASOS Index, Ulrich's Periodical, Cabell's Directories, Zeitschriftendatenbank, Contemporary Science Association Databases, Directory of Research Journal Indexing, Polish Scholarly Bibliography, ABI Inform, Directory of Research Journals Indexing, J-Gate

- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски

- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN1307-0428

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)

- *Проценет придонес на авторот:* 100%

- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови

- *JEL класификација:*

Опис на трудот

Земјите во развој ги почувствуваа еколошките проблеми подоцна од развиените земји. Штом луѓето почувствуваа дека материјалната удобност на пазарно ориентирана благосостојба и потрошувачката на овие производи се зголемuva,

тие се соочија со еколошките проблеми. Како што животната средина продолжува да се влошува, постојана загриженост на јавноста во Македонија расте на крајот на 90 -тите и почетокот на новиот милениум. Ова пионерско истражување за Македонија има за цел да даде придонес во објаснувањето на важноста од зајакнување на грижата за животната средина и благосостојбата та во земјите во развој како клучни за однесувањето на потрошувачите кон производи што се еколошки. Потрошувачката на домаќинствата во Македонија претставува повеќе од половина од БДП, така што потрошувачите се основниот мотор за промовирање на помалку еколошки опасни производи или практикување еколошки одговорна потрошувачка. Целта на трудот е да се истражи однесувањето на македонскиот потрошувач кон еколошки производи. Истражувањето е направено со примарни податоци. кои се собрани со прашалник спроведен на погоден примерок. Трудот сугерира дека грижата за животната средина е најверојатен предвидувач на еко-пријателско однесување при купување. Ова создава можност за развој на еколошки пазар фокусирајќи се на пообразовани потрошувачи, како што истиот предлог функционираше на Запад. Матрицата на ротирачки фактори ги потврди основните димензии на ставовите и грижата за животната средина во четири главни димензии именувани како заштитнички на животната средина, располагачи, рециклирачи и лично заинтересирани за последиците од употребата на производите. Беа испитани демографските карактеристики на свесноста и грижата на потрошувачите и беше откриено дека жените и постарите се посвесни и посовесни за околината, додека поголемиот приход не е фактор за еколошка свест и грижа.

Научен придонес на трудот

Научниот придонес на трудот се однесува на проучувањето на ефектот од грижата и свесноста за околината на однесувањето на потошувачите. Уште повеќе трудот ги детектира драјверите кои ќе потикнат поодговорно однесување на потрошувачите. Придонесот за маркетинг менаџерите е дека наодите од истражувањата можат да им послужат при донесување на одлуки кои может да влијаат на однесувањето на потрошовачите.

Личен научен придонес на авторот

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се согледува не само во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговиата, бизнис и маркетинг менаџмент.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. Angelovska Nina. (2020). Content analysis of online customer complaints: categorization and effective resolution, In *Proceedings of the International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: ALTERNATIVE PATHS FOR DEVELOPMENT OF EMERGING ECONOMIES IN GLOBAL BUSINESS ENVIRONMENT. Skopje, Republic of Macedonia, 11 of November 2020, 203–215.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:*

  https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/2020/Zbornik_2020.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M30

*Опис на трудот*

Менаџирањето на поплаките од незадоволните корисници е од особена важност за задржување на корисникот и градење профитабилна врска со истиот. Ако се има предвид трошокот за привлекување на нови корисници кој во современиот висококонкурентен бизнис свет е многукратно поголем од трошокот за задржувањето на постоечкиот корисник, правилното решавање на поплаките е стратегија која заслужува внимание. Во трудот преку анализа на содржината на поплаките упатени кон сајтот за групно купување Групер, се покажува дека навременото решавање на проблемите со незадоволството на корисниците води кон задржување на истите и понатаму да ги користат услугите. 220 поплаки и соодветните дадени решенија беа разгледани и беа категоризирани 6 причини за незадоволство на корисниците и 3 начини на компензација на незадоволството. 43% од поплаките биле решени со рефундирање, замена на производот или понудена гратис услуга. Останатите поплаки биле решени и дадено објаснување на корисникот. Анализата на интерни податоци за историјата на купување на корисниците кои упатиле поплаки покажува дека 80% од корисниците продолжиле да купуваат и во иднина. Ова укажува на задоволително справување и решение на проблемот на секој корисник, додека начинот на компензација за незадоволството нема значајно влијание, односно нема значајна разлика во задржувањето кај корисниците на кои им било компензирано со рефундација, гратис производ или решение на проблемот и дадено објаснување. Значајна разлика во продолжувањето со купување по поплаката се забележува кај корисниците кои имале направено повеќе купувања пред незадоволството, што води до заклучокот дека редовните корисници е помалку веројатно дека незадоволството ќе ги натера да престанат со купување за разлика од оние кои имале направено само неколку купувања.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува емпириско истражувањето спроведено

со интерни податоци од Групер со примена на методата на анлиза на содржина.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се согледува не само во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговиата, бизнис и маркетинг менаџмент.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).
2. Angelovska Nina. (2020). The right timing for reactivating "dormant" customers, In *Proceedings of the International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: ALTERNATIVE PATHS FOR DEVELOPMENT OF EMERGING ECONOMIES IN GLOBAL BUSINESS ENVIRONMENT. Skopje, Republic of Macedonia, 11 of November 2020, 216–230.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:*

  https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/2020/Zbornik_2020.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,9 a.a.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M30

*Опис на трудот*
Со цел успешно управување со продажните и маркетинг активностите компаниите треба постојано да ги следат и анализираат активноста на нивните клиенти. Целта на овој труд е да се детектираат „заспаните“ клиенти и како и точниот тајминг за преземање прилагодени акции за нивно повторно активирање. За да се постигне оваа цел, емпириско истражување за активноста на клиентите е спроведено со помош на мерките за активност на клиентите (Кумар и Reinartz 2012) и дополнително се воведува нова мерка за да се утврди кога клиентот престанува да биде клиент и завршува купопродажната релација а кога клиентот е „моментално неактивен“ за да повторно се активира. Се добиваат информации за статусот на активноста на клиентот и се испитуваат соодветни маркетинг акции за имплементација. Информациите и резултатите добиени од оваа анализа може да обезбедат база за акција и алатки за рехабилитација на „моментално неактивни клиенти“ кои можат да се користат од е-продавници и пазари. Секоја компанија, може да ги користи соодветните мерки за активирање на клиентите, во зависност од индустријата во која работи, со цел да се создаде сеопфатна слика за своите клиенти активност, ја зголемуваат нивната активност и донесуваат соодветни маркетинг одлуки
*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат емпириско истражувањето со кое се добиваат информации за статусот на активноста на клиентот и се испитуваат

соодветни маркетинг акции за имплементација.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се согледува не само во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговиата, бизнис и маркетинг менаџмент.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

3. Pulevska Ivanovska Lidija, Angelovska Nina, Josimovski Sasho, and Postolov Kiril. (2015). Retailers' evaluation of group deal promotions, in Proceedings of BASIQ 2015 International Conference on New Trends in Sustainable Business and Consumption, 18-19 June 2015, Bucharest, Romania Jointly organized by Business and Tourism Faculty, Amfiteatru Economic Journal and The Association for Innovation and Quality in Sustainable Business, 580-588.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Icon_Best_2015/Icon_Best_2015.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,9 a.a.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*
- *JEL класификација:*

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е евалуација на задовослството на трговците да ја повторат соработката со сајтовите за групни попусти и да продолжат да ја користат оваа нова промотивна алатка за привлекување на клиенти. Истражувањето е направено со секундарни и примарни податоци. Примарните податоци се собрани со прашалник од трговците кои имале направено зделка со сајтот за групни попусти Групер. Резултатите покажаа дека за продолжување на соработката со сајтовите за групни попусти влијаат профитабилноста на зделката, потрошувачката на корисниците надвор од купонот, донесени нови корисници со зделката, а исто така резултатите покажаа дивергентност за различни категории на бизниси. Откритијата од овој труд можат да послужат на малите и средни бизниси како да ги подобрат резултатите користејќи ја оваа корисна промотивна алатка.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот се однесува на проучувањето на ефектот на бизнисите од користењето на сајтовите за групни попусти за промоција. Уште повеќе трsудот ги детектира драјверите кои ќе потикнат понатамошна соработка. Придонесот за македонските мали и средни претпријатија е дека наодите од истражувањата можат да им послужат при донесување на одлуки за користење на сајтовите за групни попусти за промоција.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се согледува не само во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговиата, бизнис и маркетинг

менаџмент.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

4. Angelovska Nina and Josimovski Sasho. (2014). The Effects of Gamification: Case of Group Buying Site, in Proceedings of International Conference on Applied Internet and Information Technologies ICAIIT 2014, October 24, Zrenjanin, Serbia, 145-148.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Icon_Best_2015/Icon_Best_2015.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:*

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да ја истражи апликацијата на гејмификација како нов тренд кој се појави после 2010 година и најде примена, покрај другите индустрии како едукација и во бизнисите. Тое е нов вид на интеракција со клиентите за остварување на бизнис цели. По повод настан-роденден на Групер креирана е роденднденска слот машина за остварување на повеќе бизнис цели: зголемување на корисничката база, зголемување на месечната продажба и запознавање на корисниците со настанот. Дескриптивна анализа и Т тестот се ористени за оценка на ефектите од примената на играта. Резултатите покажаа дека играта ги постигнала поставените цели и бројот на нови корисници е зголемен за 318%, месечната продажба е зголемена за 45% и настанот успешно се реализира со запознавање на корисниците преку ангажирање во играта. Со истражувањето се докажа дека добро осмислена игра според однапред поставени бизнис цели може да биде успеѓна алатка во реализирање на бизнис целите.
*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат емпириско истражувањето спроведено со инетрни податоци од Групер со цел да се актуелизира важноста на употребата на игра за остварување на бизнис цели.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се согледува не само во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговиата, бизнис и маркетинг менаџмент.
Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

5. Angelovska Nina and Pulevska Ivanovska Lidija. (2014). The role of Group Buying Sites in Development of E-Commerce in Macedonia, in Proceedings of International Conference on Applied Internet and Information Technologies ICAIIT 2014, October 24, Zrenjanin, Serbia, 149-155.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Icon_Best_2015/Icon_Best_2015.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* original scientific paper
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:*

*Опис на трудот*
Трудот цели кон идентифицирање на значајноста на развојот на е-трговијата во неразвиени земји како Македонија и влијанието на појавата на новите бизнис модели кои придонесао кон поголем раст. Со интернетот се развија многу нови бизнис модели кои придонесоа за развојот на е-трговијата. Еден таков модел е моделот на групно купување кој се појави во 2008 година во Америка и беше лансиран од Groupon кој многу брзо се рашири во светот преку разни клонови. Во Македонија сличен модел беше лансиран 2011 година од Групер, а потоа уште неколку клонови се појавија. Со појавата на новиот бизнис модел се случи револуција во е-трговијата во Република Македонија. Во 2010 година само 1% од населениоето купувало онлајн. Во 2011 година бројот на онлајн трансакциите порасна за 1200%, а притоа една третина од трансакциите беа направени од сајтовите за групни попусти. Во наредните години бројот на онлајн купувачи бележеше постојан раст. Атрактивноста на зделките понудени на сајтовите за групни попусти придонесе за интензивен раст на е-трговијата во Република македонија.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува проучувањето на влијанието на новите бизнис модели како резултат на интернетот за раст и развој на е-трговијата. Во Република Македонија појавата сајтовите за групни попусти со пондените атрактивни попусти придонесоа за развој на е-трговијата.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се согледува не само во неговата тесна специјалност насочена кон е-трговиата, бизнис и маркетинг менаџмент.

Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).

## 2.2.4. Учество во научни проекти

## 2.2.4.1. Пред избор во звање доцент

1. Кандидатот, д-р Нина Ангеловска била: Домаќин на првиот регионален eTrade for Women Masterclass во соработка со UNCTAD, 2019
2. Кандидатот, д-р Нина Ангеловска била: Professional Fellow, COLEMAN ENTREPRENEURSHIP CENTER at DePaul University, Chicago, Illinois USA – Април-Мај 2018 [5 неделна програма, US State Department].
3. Кандидатот, д-р Нина Ангеловска била: Консултант на USAID проектот "Модернизирање на инспекциските служби", имплементиран од IdeasDepo, 2018. Дизајнирана тренинг програма и правилници за е-трговија за Државниот пазарен инспекторат
4. Кандидатот, д-р Нина Ангеловска била: Организатор на Првата конференција за е-трговија во Македонија, 2018
5. Кандидатот, д-р Нина Ангеловска била: Организатор на Првата конференција за гејмификација во Македонија, 2017
6. Кандидатот, д-р Нина Ангеловска била: Активен учесник на UNCTAD работилница "Unlocking the potential of e-commerce in developing countries: Towards an action plan for an Aid for eTrade Initiative", Chateau de Bossey, Швајцарија, февруари, 2016
7. Кандидатот, д-р Нина Ангеловска била: Учесник во работна група на научно-истражувачки проект COST Action TD1306 (2014-2018) со наслов: New Frontiers of Peer Review (PEERE): Member of the Working Group
8. Кандидатот, д-р Нина Ангеловска била: Тренер на "General ICT Training & Entrepreneurship for Academic Staff from Nigeria" и "Entrepreneurship and Innovation for Leading Woman from Nigeria", Дубаи, 2015
9. Кандидатот, д-р Нина Ангеловска била на:Training School од 20 до 22 Октомври 2014 година во Turin Италија организирана во рамки на акцијата COST Action IS1204 (2012-2016): Tourism, Wellbeing and Ecosystem Services (TObeWELL).

## 2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат нејзината повеќегодишна активна научна дејност, и ја афирмираат д-р Нина Ангеловска како признат научник.
Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, д-р Нина Ангеловска, опфаќа 10 научни трудови, од кои 5 се во категорија а1, со оглед на тоа што се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавила и 5 трудови од категорија а2, со оглед на тоа што се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.
Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на организациските науки и менаџмент, а особено областа на бизнис менаџмент, маркетинг менаџмент и друго..
Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажала способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори,

способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на организациските науки и менаџмент, а особено областа на бизнис менаџмент, маркетинг менаџмент и друго, за која се предлага во наставно-научно звање. Д-р Нина Ангеловска успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на бизнис менаџмент, маркетинг менџмент и друго.

Д-р Нина Ангеловска поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Нина Ангеловска е квалификувана со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа на бизнис менаџмент, маркетинг менаџмент и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е повеќе години ***активна во научно-истражувачката работа;***

- Изработила и одбранила докторска дисертација;

- Објавила вкупно 5 ***научни трудови од категорија а1*** — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки.

- Во зборници на трудови ***категорија на трудови а2,*** објавила вкупно ***5 трудови***;

- Учествувала во научно-истражувачки проекти.
- Научни трудови објавува на англиски јазик (10);
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на организациски науки и менаџмент;

- Активно учествувала на вкупно ***5 меѓународно научни конференции***, со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски

истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на бизнис менаџментот, маркетинг менаџментот, е –трговијата и друго.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на д-р Нина Ангеловска по својот опсег, квлитет и научен придонес, значајно придонесува во збогатување на организациските науки и менаџмент, а особено областа на бизнис менаџмент, маркетинг менаџмент и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот д-р Нина Ангеловска, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредила научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека нејзините научни трудови и научен придонес ја афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на организациски науки и менаџмент, област на бизнис менаџмент, маркетинг менаџмент и друго.
Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатт ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот д-р Нина Ангеловска во целост е квалификувана за избор во наставно-научно звање доцент за научно-истражувачко подрачје *Општествени науки*, научно-истражувачко поле *Организациски науки и управување (менаџмент)*, област *Бизнис менаџмент* (50603), *Маркетинг менаџмент* (50608) и *Друго* (50624), во согласност со условите дефинирани во Член 166 Став 1 од Законот за Високото образование на Република Македонија.

# 3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

## 3.1. Наставна дејност

Кандидатот д-р Нина Ангеловска била ангажирана како демонстратор на Универзитет “Св. Кирил и Методиј” – Економски факултет, Скопје, Македонија – 2009-2010 [3 семестри] и држела предавања по предметите: математика за бизнис, статистика и веб дизајн.
Кандидатот д-р Нина Ангеловска била ангажирана како предавач на Маркетинг академијата Бреинстер 4 месеци покривајќи ги предавањата за предметите: Менаџирање на односите со потрошувачите, Гемификација и Хакирање на растот.
Кандидиидадатот подготвила курикулум за предметите и
Кандидатот д-р Нина Ангеловска била ангажирана како гостин предавач на повеќе универзитети.
За да може да се оцени компетентноста на д-р Нина Ангеловска во наставниот процес, спроведено е предпристапно предавање на д-р Ангеловска по предметот Е-бизнис, пред група на студенти од трета година на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент од Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Предавањето се одржа на ден 08.10. 2021 година, во 12 часот.

На предавањето како членови за опсервација присуствуваа:

- Проф.д-р Далиборка Блажеска – декан на Факултетот за меѓународен

маркетинг менаџмент

- Проф.д-р Зоран Ивановски – проректор за меѓународна соработка
- Проф.д-р Јулијана Ангеловска – професор по група на предмети од областа на економија

Во прилог следи записник од спроведеното предпристапно предавање, потпишано од членовите на опсервацијата.

## а) Поглавја во книги (а2)

1. Ангеловска, Нина, Ангеловска Јулијана. 2018. *"Подготвеност, потенцијал, фактичка состојба, бариери и препораки за развој на е - трговијата во Р. Македонија" /Скопје* : Асоцијација за е-трговија на Македонија.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-66223-9-8 Електронска трговија - Македонија – Извештаи COBISS.MK-ID 107522826
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на општествени науки, поле електронска трговија*
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 2 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

*Опис на трудот*

Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 132 страни, а се состои од 3 поглавја: Првиот дел ја анализира подготвеноста и потенцијалот за развој на е-трговијата на Република Македонија преку разгледување на четирите клучни пилари кои се предуслови за е-трговија и тоа: информатичко комуникациска технологија (интернет пенетрацијата, начин на пристап на населението и деловните субјекти до Интернет), платежниот систем (платежни картички во оптек и користење на платежните картички), достава (покриеноста за испорака на пакети во земјата и надвор) и регулаторната рамка (дали се донесени потребните закони за е-трговија).

Вториот дел ја разгледува фактичката состојба преку анализа на вредноста на трансакциите во е-трговијата, споредба со европските земји, анализа на македонскиот купувач (колку, што и од каде купува, за што го користи интернетот, неговата компјутерска писменост и дигитални вештини) и на крајот се анализира тековната понуда на пазарот од страна на домашните компании кои ја формираат понудата на пазарот на е-трговија.

Третиот дел е посветен на формирање на конкретни препораки за развој на е-трговијата како резултат на мапирање на потенцијалниот за развој и фактичката состојба во претходните два дела како и земајќи предвид студии на случај кои ги разгледуваат бариерите и искуствата на некои од учесниците на пазарот на е-трговија.

Книгата има вкупно 83 слики, а 9 табели, користени се 20 библиографски единици.

За развој на е-трговијата потребно е да се разгледаат предусловите, како состојбата со развојот на ИКТ, потоа платните системи, регулативната адаптација на ново-креираната состојба во трговијата, како и проследувачките индустрии кои се клучни

за развој на е-трговијата како што е доставата. Од тие причини најпрво е презентирана состојбата со развојот на факторите или условите за развој на е-трговијата односно потенцијалот кој може да обезбеди понатамошен раст. Во таа насока, тековната состојба е споредена со состојбата во 2010 година кога и за прв пат беше изработена анализа од УСАИД за е-трговијата. Напредокот направен во однос на 2010 год. сам по себе не кажува многу доколку не се споредиме со европските земји. Анализата вклучува споредба на потенцијалот за вршење на е-трговија во Македонија со земјите од Европа и од регионот, за да може вистински да го согледаме напредокот остварен од 2010 год. Во вториот дел се анализира состојбата со е-трговијата, обем по трансакции и вредност, што се купува онлајн, од каде се купува и сл. Исто така направена е анализа на навиките и начините на користење на интернетот за различни цели и намери. Анализата е направена за 2017 год., но во споредба со 2010 год. и со европските земји.
Понатаму спроведени се прашалници и интервјуа со засегнатите страни, односно е-трговците, финансиските институции и водечка компанија за достава. Во анализата се опфатени како индивидуалните корисници така и бизнисите. Сето ова понатаму ни овозможува формирање на препораки за елиминирање на бариерите, адресирање на предизвиците и овозможување раст на е-трговијата во Република Македонија, кои го сочинуваат третиот дел од овој извештај.

*Стручен придонес на трудот*

Текстот на книгата е наменет првенствено за сите засегнати страни односно стејкхолдери во е -tsрговијата и методолошки е подреден за таа потреба. Авторите успеале да направат целосна анализа на потенцијалот за развој на е-трговијата во Република Македонија за потребите на е-трговијата и е прв таков сеопфатен извештај, кој е поделен во 3 логички целини и тоа :

Во првата целина се обработува состојбата на предусловите за развој на е-трговијата на Република Македонија и тоа споредбено со 2010 година заради се види напредокот, но и споредено со Европските земји да се види каде сме компаративно со нив.

Во вториот дел се анализира состојбата со е-трговијата, обем по трансакции и вредност, што се купува онлајн, од каде се купува и сл. Исто така направена е анализа на навиките и начините на користење на интернетот за различни цели и намери. Анализата е направена за 2017 год., но во споредба со 2010 год. и со европските земји.
Во третиот дел се дадени анализите од спроведените прашалници и интервјуа со засегнатите страни, односно е-трговците, финансиските институции и водечка компанија за достава. Во анализата се опфатени како индивидуалните корисници така и бизнисите. Сето ова понатаму ни овозможува формирање на препораки за елиминирање на бариерите, адресирање на предизвиците и овозможување раст на е-трговијата во Република Македонија, кои го сочинуваат третиот дел од овој извештај.

*Личен стручен придонес на авторот*

Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на е-трговијата. Кандидатот ги познава и детално го образложува потенцијалот за развој на е-трговијата во Република Македонија со предлог препораки и активности за подбрување на состојбата.

2, Ангеловска, Нина, Ангеловска Јулијана. 2020. *"Анализа на напредокот на е-*

*трговијата во период 2017-2019 година со посебен осврт на влијанието на COVID-19 врз развојот на е-трговијата во 2020 година" /Скопје*: Асоцијација за е-трговија на Македонија.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-66223-8-1 Електронска трговија - Македонија – Извештаи COBISS.MK-ID 52635141
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на општествени науки, поле електронска трговија*
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 2 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (8 а.а.)

*Опис на трудот*

Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 191 страна, а се состои од 4 поглавја: Првиот дел од анализата дава преглед на направениот прогрес во предусловите потребни за развој на е-трговијата во Република Северна Македонија во периодот 2017-2019 година, преку разгледување на четирите клучни пилари кои се предуслови за е-трговија и тоа: информатичко комуникациска технологија (интернет пенетрацијата, начин на пристап на населението и деловните субјекти до Интернет), платежниот систем (платежни картички во оптек и користење на платежните картички), достава (покриеноста за испорака на пакети во земјата и надвор) и регулаторната рамка (дали се донесени потребните закони за е-трговија). За подобро согледување направена е споредба со европските земји, а исто така дадени се и индекси кои го покажуваат потенцијалот за раст на е-трговијата во Република Северна Македонија.

Вториот дел ја разгледува тековната состојба во е-трговијата во 2019 година во споредба со 2017 година и со европските земји преку анализа на вредноста на трансакциите во е-трговијата, анализа на македонскиот купувач (колку, што и од каде купува, за што го користи интернетот, неговата компјутерска писменост и дигитални вештини).

Пандемијата COVID-19 го забрза растот на е-трговијата на глобално ниво и овозможи отклучување на неговиот потенцијал како дел од дигиталната економија. Третиот дел е посветен на анализата на влијанието на COVID-19 врз е-трговијата во Република Северна Македонија. Преку спроведените истражувања на македонските е-продавачи и е-купувачи, целта е да се согледа дали и како е-продавачите ги искористиле можностите, како одговориле и се прилагодиле на пандемијата COVID-19 и предизвиците со кои се соочуваат, како и . влијанието на COVID-19 врз однесувањето и навиките на е-купувачите.

Четвртиот дел ги сумира препораките за забрзување на растот и развојот на електронската трговија во Република Северна Македонија, како резултат на спроведената анализа и наоди. Препораките дадени во 2018 година и нивното спроведување и напредок се разгледани и дополнително се додадени нови препораки што можат да им служат на владините, невладините институции и сите засегнати страни.

Книгата има вкупно 135 слики, а 25 табели, користени се 29 библиографски единици.

За изработка на анализата користени се секундарни податоци, како: објавени статистички податоци, интерни податоци, публикации од различни институции и автори, домашна и странска литература и голем број на интернет-страници. Исто

така користени се и примарни податоци собрани од учесниците во е-трговијата и е-купувачите преку прашалници и интервјуа. Во истражувањето се користени научната метода, историска метода и компаративна анализа. Потоа е изготвен извештајот и според детектираните ситуации извлечени се препораки.

*Стручен придонес на трудот*

Текстот на книгата извештајот е наменет првенствено за сите засегнати страни односно стејкхолдери во е-трговијата и методолошки е подреден за таа потреба. Авторите успеале да направат целосна анализа на направениот напредок во развојот на е-трговијата во периодот 2017-219 година. Во 2020 година Република Северна Македонија како и светот се соочи со предизвиците преизвикани од Ковид-19 и во трудот се анализира како македонските е-трговци ги кредитираа предизвиците. За таа цел покрај секундарните податоци достапни од Народната банка направена е и примарна анализа насочена kako кон индивидуалните корисници така и кон бизнисите. Сето ова понатаму ни овозможува формирање на препораки за елиминирање на бариерите, адресирање на предизвиците и овозможување раст на е-трговијата во Република Македонија, кои го сочинуваат третиот дел од овој извештај.

*Личен стручен придонес на авторот*

Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на е-трговијата. Кандидатот ги познава и детално го образложува потенцијалот за развој на е-трговијата во Република Македонија со предлог препораки и активности за подбрување на состојбата.

## 3.2. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност д-р Нина Ангеловска, има одржано повеќе предавања.

Активно учествува  во поврзување на наставата на сите нивоа со нејзиното практично искуство при што студентите ги запознава со искуството од пракса, но истовремено поврзани со теоријата во рамките на предавањата.

Кандидатот значително содржински и методолошки придонесува кон наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредила својот наставен процес и ужива углед на амбициозен  и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на организациските науки и менаџментот и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

# 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

## 4.1.Стручни публикации

Кандидатот д-р Нина Ангеловска има објавено над 100 интервјуа во домашни и странски магазини. Исто така има повеќе стручни публикации, од кои издвоени се објавените во FORBES (https://www.forbes.com/sites/ninaangelovska/?sh=37693a0d61bb):

1. Top 11 E-Commerce Android Mobile Apps
2. How To Be Happy: 4 Lessons Everyone Can Easily Adopt
3. Did The Internet Kill The 'Romance' Of Travel?
4. Tamara Todevska Made North Macedonia Proud--'The Right Person With The Right Message Of Equality'
5. E-Trade For Women: Connecting E-Commerce Women Leaders And Making Their Voices Heard
6. Top 5 Online Retailers: 'Electronics And Media' Is The Star Of E-commerce Worldwide
7. 'Europe, We Have A Problem!'--8 Facts About Female Entrepreneurs In The Digital Age
8. Who Are The Top Online Grocery Shoppers In Europe?
9. The 6 Cycles Of Social Media Reactions After Major Tragic Events
10. Where Do Europeans Shop Online?
11. Estonia's E-Residency Contributed €14M To Its Economy--'E-Residency 2.0 Will Be A True Forerunner'
12. Female Leadership--'Be Competent Like A Woman And Confident And Ambitious Like A Man'
13. 'Laika Is Out To Defeat LinkedIn In The Balkans'--A New Startup With A Bold Vision
14. 'Famous Porn Star Turns Into A Promising Scientist'--A Lesson On Fake News
15. 16% Of Europeans Don't Use The Internet. Who Are They?
16. Gamification Trends For 2019: Making Room For Game-Elements In Politics
17. No More Automatic Billing After Free Trials For Mastercard Cardholders
18. How Will Brexit Affect Ecommerce: Will Cross-Border Ecommerce Slow Down?
19. Top 10 Facebook Fan Pages And Instagram Accounts In 2018--Cristiano Ronaldo Takes The Lead

## 4.2. Глобални настани

Кандидатот д-р Нина Ангеловска била говорник на над 350 глобални настани. Во прилог се одбрани настани:

- Horasis Extraordinary Meeting, Virtual Conference, Oct 2020, March & June 2021
- Women in Tech, Virtual World Tour, May 2020
- Central and Eastern European Forum, Euromoney Conferences, Vienna, January 2020- The Economist, Paving the way towards prosperity, N. Macedonia, 2019
- 2019 Annual Meetings, IMF and WBG, Gender Smart Economics, Washington DC, USA
- UNCTAD E-commerce Week, Geneva, April 2019
- Russian Internet Governance Forum, Moscow, April 2019
- Ivanov School for Young Leaders, N.Macedonia, Feb 2018
- Forbes 30 Under 30 Summit, Bulgaria, Sept 2018
- Digital Summit Western Balkans "Are you ready for the Digital Revolution?", N.Macedonia 2018
- Summit of Small countries, New Trends in Business, Economic Chamber of Commerce, N. Macedonia 2018
- Economic forum, The Macedonian Economy Between a Vision and a Dilemma, Finance Think, 2018
- USAID Macedonia Leadership Conference, N.Macedonia, 2018
- Gamification conference w/ Gabe Zicherman, N.Macedonia, 2017
- All Web, Tirana, Albania, October 2016
- Startup Grind Skopje (Powered by Google for Entrepreneurs) March 2016
- Eight Conference on Payment and Securities Settlement Systems organized by National Bank of Republic of Macedonia, May 2015
- Macedonia2025 Economic Summit, Skopje, Macedonia, 2015

## 4.3. Учество во управни одбори и подготовка на национални документи

Кандидатот д-р Нина Ангеловска е преседател на првата Асоцијација за е-трговија на Македонија.

Кандидатот д-р Нина Ангеловска учествува во повеќе УО:

- Член на Советодавниот одбор во **Ecommerce Foundation** – 2018-тековно
- Член на УО во **Стопанска Комора на Македонија** – 2018-2019
- Член на **Дигиталниот форум на Република Северна Македонија** – 2019-2020
- Член на УО во **EMOTA,** Европска асоцијација за е-трговија и трговија преку повеќе канали – 2018-2019
-

Кандидатот д-р Нина Ангеловска е креатор и учесник на повеќе национални документи како Министер за финансии.

## 4.4. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот д-р Нина Ангеловска, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на пошироката јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи менаџерски техники и концепти заради

унапредување на менаџерските вештини и иновирање на делувањето на современите организации.
Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на менаџментот. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на нејзиниот интерес, како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот економски развој на државата и успешната апликација.

# 6. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на д-р Нина Ангеловска, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 164 и 166 став 1 од Законот за високото образование на Република Македонија за Критериуми за избор во наставно-научно звање доцент:

1. Кандидатот **д-р Нина Ангеловска** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.

2. Кандидатот **д-р Нина Ангеловска** има објавени 10 научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија кои се од соодветната област.

3. Кандидатот **д-р Нина Ангеловска има** учество во пет научно-истражувачки проекти.

4. Кандидатот **д-р Нина Ангеловска** покажува способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.

5. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **д-р Нина Ангеловска** и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник.

6. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за нејзините постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.

7. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на организациски науки и менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Економскиот факултет** на **Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, д-р Нина Ангеловска** да ја избере во наставно-научно звање **ДОЦЕНТ** *во научно-истражувачкото подрачје Општествени науки*, научно-истражувачко поле *Организациски науки и управување (менаџмент)*, област *Бизнис менаџмент*(50603), *Маркетинг менаџмент* (50608) и *Друго* (50624)

**Рецензентска комисија:**

Проф. д-р Димитар Јовевски – вонреден професор, Претседател,
УКИМ, Економски факултет; с.р.
Проф. д-р Далиборка Блажеска, редовен професор, член, УТМС,
Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент; с.р.

Проф. д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, член, УТМС,
Факултет за претприемачки бизнис; с.р.

**Табела 1. Рекапитулација на бројот на научните и стручните трудови на кандидатот**

| Вид на трудот | Пред избор во доцент | После избор во доцент | После избор во вонреден професор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| НАУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија | | 7 | 9 | 16 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции | 4 | 7 | 3 | 14 |
| 3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции | 5 | | | 5 |
| 4. Книги | 1 | | 1 | 2 |
| ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ | | | | 37 |
| СТРУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии | | | | |
| 2. Проекти и рецензии | | 3 | 6 | 9 |
| 3. Прирачници | | | | |
| ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ | | | | 9 |
| 4. Други трудови | | | | |
| ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ | | | | 46 |

**Табела 2. Рекапитулација на бодовите од научните и стручните трудови на кандидатот согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС**

| Вид на труд | Број на трудови | Бодови | Вкупно бодови |
|---|---|---|---|
| 1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија (а1) | 9 | 5 | 45 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции (а2) | 3 | 2 | 6 |
| 3. Книги | 1 | 2 | 2 |
| ВКУПНО | | | 53 |

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА**

**ЗА ИЗБОР НА**

**д-р ДЕЈАН НАКОВСКИ**

**ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

**До Наставо-научниот совет**
Факултет за туризам
Унивезитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Предмет:** Извештај на Рецензионата комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Дејан Наковски**, доцент, во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја.

Врз основа на член 173 од Законот за високо образование на РМ (Службен весник на РМ бр.82/2018), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам, на седницата одржана на 25.10.2021 година, донесе одлука бр. 14-74/1 за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање вонреден професор, за научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја на Факултетот за туризам.
На истата седница, **именувана е и Рецензионата комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја на Факултетот за туризам, и тоа во состав:

1. **д-р Васил Граматниковски**, претседател на Комисијата,
2. **д-р Аце Миленковски**, член,
3. **д-р Мијалче Ѓоргиевски**, член.

Во својство на членови на Рецензионата комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја на Факултетот за туризам, го прифативме именувањето.
Рецензионата комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник Нова Македонија на 07.09.2021 година и на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (www.utms.edu.mk) на 07.09.2021 година;

- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Дејан Наковски, доцент, вработен на Факултетот за туризам во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот, Рецензионата комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам, следниот заеднички

# И З В Е Ш Т А Ј

За кандидатот д-р Дејан Наковски, доцент, на Факултетот за туризам во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:

1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензионата комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

6. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
7. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
8. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – доцент и вонреден професор, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015, 30/2016 и 127/2016) *(Прилог 3),* како и
9. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во доцент и вонреден професор *(Прилог 4),*
10. Потврда за учество во научно-истаржувачки пркет *(Прилог 5),*
11. Извештај од самоевалуација на Универзитетот *(Прилог 6),*
12. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја *(Прилог 7),*
13. Одлука од Наставно-научниот совет за избор во наставно-научно звање вонреден професор *(Прилог 8).*

# 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — д-р Дејан Наковски

Кандидатот, доц. д-р Дејан Наковски е роден 12.08.1976 година во Велес. Основно образование завршил во Свети Николе, средно образование завршува во СУ„Орце Николов“, во Скопје. Во академската 1998/99 година се запишал на додипломски студии на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје каде што дипломирал во 2003 година. Веднаш по завршувањето на студиите истата година се запишал на последипломски студии по Туристичка географија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, посдипломските студии ги завршува успешно со средна оценка 9,9. Магистерскиот труд под наслов “Можности за развој на алтернативниот туризам во Овче Поле” го одбранил во 2008 година и се стекнал со звање Магистер по географски науки.

Во 2011 година се запишува на докторски студии на катедрата за Туристичка географија на Геолошко-географскиот факултет при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“. Докторскиот труд под наслов „Анализа и оценка на ресурсниот потенцијал за развој на туризмот во реонот на источна Македонија“ успешно го одбранил во 2016 година и се стекна со титула Доктор по географски науки, специјалност географија на спорт и рекреација.

Во периодот 2004-2009 година работи како наставник по географија во основните училишта „Гоце Делчев“, „Св. Кирил и Методиј“, „Даме Груев“ и „Методи Митевски - Брицо“ - Свети Николе.

Во периодот 2009-2011 работи како асистент на Меѓународниот Славјански Институт во Свети Николе.

Од 15.09.2011 година до 27.01.2017 година е вработен како асистент на Факултет за туризам на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.

Од 27.01.2017 година е вработен како доцент на Факултет за туризам на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, каде што работи до денес.

Од 08.02.2021 година е избран за Претседател на Сенатот на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.

Од 15.01.2020 година е избран за Генерален секретар на меѓународно научно списение UTMS Journal of economics.

Од 30.08.2019 година е избран за претставник на Сенатот од редот на лица избрани во наставно-научни звања на Факултетот за туризам.

Во период од 21.12.2018 година до 21.06.2019 година е именуван за вршител на должност декан на Факултет за туризам на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.

на 10.10.2015 година е именуван за секретар на втор циклус студии на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.

Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирала својата истражувачка ориентација кон проучување на Географијата, Туристичката географија и Географијата на спорт и рекреација.

# 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и

2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

## 2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

М-р Дејан Наковски на 26.12.2008 година е избран во соработничко звање асистент во наставна-научна област менаџмент на природни ресурси во состав на ПВУ Меѓународен славјански институт, Г.Р. Державин, Свети Нколе (*Прилог*).

М-р Дејан Наковски на 18.02.2011 година е избран во соработничко звање асистент во наставна-научна област менаџмент на природни ресурси во состав на ПВУ Меѓународен славјански институт, Г.Р. Державин, Свети Нколе (со одлука бр. 03-71/2) (*Прилог*).

М-р Дејан Наковски на 29.12.2011 година е избран во соработничко звање асистент во наставна-научна област туризмолошко-географски дисциплини во состав на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје – Република Македонија (со одлука бр. 02-261/1) (*Прилог*).

Д-р Дејан Наковски на 27.01.2017 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 11.01.2017 година, објавен во Билтенот на  Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје број 18, е избран за наставник по група предмети од наставно-научната областа на туризмот (50405 Туристичка политика, 51409 Управување со туристички простор и 51419 друго, според меѓународната Фраскатиева скала)  во наставно-научно звање доцент, на Факултетот за туризам на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје – Република Македонија (со одлука бр. 02-3/3 од 27.01.2017 година) (*Прилог*).

## 2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Дејан Наковски во неговата научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишал докторска дисертација и објавил 16 научни трудови во меѓународни научни публикации, и 13 трудови во зборници од меѓународни и домашни научни конференции и една книга.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Докторска дисетација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

## 2.2.1. Докторска дисертација

Дејан Наковски на 18.04.2016 година на катедрата за Туристичка географија на Геолошко-географскиот факултет при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија, ја одбрани докторската дисертација со наслов „Анализа и оценка на ресурсниот потенцијал за развој на туризмот во реонот на источна Македонија“. Дисертацијата е работена под менторство на проф. д-р Марија Воденска, редовен професор на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Софија.

Дисертациониот труд е оценет и одбранет пред комисја во состав: доц. д-р Вера Николова – претседател на комисијата, проф. д-р Марија Воденска – член, проф. д-р Борис Колев – член, проф. д-р Иван Марков – член и доц. д-р Марија Станкова – член.

Со одбрана на докторската дисертација Дејан Наковски се стекна со со академски степен доктор на географски науки (PhD).

Покрај воведот, предметот, целите, задачите и методолошкиот пристап во научно истражувачката работа, докторскиот труд се состои од шест логично поврзани целини.

Во **првиот дел** е претствен и анализриан досегашниот степен на туристичка усвоеност и развиеност на регионот кој е предмет на анализа и обработка во трудот. Претставени се и обработени статистичките податоци во однос на број на туристи кои го посетувале регионот во изминатиот десетгодишен временски период, остварениот туристички промет, реализираните ноќевања, бројот на сместувачките капацитети, како и нивната просторна распореденост.

Во **вториот дел** е разработена туристичко - географската положба на просторот и констатирано е дека просторот има извонредна местоположба во рамките на Република Македонија, но и во однос на соседните држави. Во овој дел од трудот исто така е разработена сообраќајната поврзаност и инфраструктурата во општината и на регионот како целина, како и во однос на поширокиот простор и е констатирано дека регионот има одлична сообраќајна поврзаност бидејќи низ неговата територија поминуваат патни правци кои претставуваат предуслов за развој на туризмот.

**Третиот дел** од дисертациониот труд е почеток на анализата на природните карактеристики на регионот, каде се прави анализа на природниот ресурсен потенцијал за развој на туризмот во регионот за секој дел од природните фактори одделно: релјефните карактеристики, климатските каратеристики, хидрографските особености и биогеографските одлики на регионот.

**Четвртиот дел** од дисертацијата ги анализира антропогените туристички потенцијали на регионот, преку нивно инвентаризирање и се даваат најважните нивни карактеристики кои се од посебно значење за да истите бидат ставени во функција на туристичкиот развој на регионот. Во овој дел посебно се обработени културно-историските споменици, археолошките објекти и наоѓалишта, етно-социјалните вредности и одлики на населението кое живее во регионот, како и на манифестациите како посебно значаен фактор кој може да влијае врз развојот на туризмот.

**Петиот дел** од трудот е посебно значаен за истражувањето спроведено во дисертацијата, бидејќи во овој дел се обработени податоците и е направена валоризација на сите туристички ресурсни потенцијали со кои располага регинот. Валоризацијата е направена преку балова оценка – пондирање на сите елементи значајни за туристичкиот развој на просторот, преку експерстка или стручна оценка на елементите и на крај е направена споредба на двете оценки за добивање на најобјективни показатели за туристичкото значење на регинот, кој според сите показатели има регионално туристичко значење.

**Шестиот дел** е последен дел од дисертацијата во кој всушност се дадени основните научни придонеси од дисертацијата и е направена посебна туристичка поделба или зонирање на регионот според видовите на туризам за кои постојат најповолни услови за развој, според претходно направените анализи и валоризација на туристичкиот ресурен потенцијал на просторот.

**Научниот допринос на докторскиот труд** се состои во теоретско-истражувачките вредности и

во валоризацијата на ресурсниот потенцијал за развој на туризмот во регинот. Кандидатот користејки релевантна литература, соодветни научно истражувачки методи и теренски истражувања го констатира нивото на развиеност на основните функции во зададениот простор и користејќи методи и техники за валоризација на ресурсите дава конкретни решенија за зонирање на регионот според посебните видови на туризам засновано на нивната реална можност за развој исто така дава конкретни предлози како да се подобри моменталната состојба на слаба туристичка активност на регионот. При тоа кандидатот дава конкретни решенија особено во делот на меѓусебната поврзаност на туризмот со останатите стопански дејности во функција на ревитализација на регионот, како и нотирање на туристичките форми и конкретни административни простори за кои постојат реални услови за развој во регинот.

## 2.2.2. Објавени научни трудови

### 2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент,
д-р Дејан Наковски покрај докторската дисертација објавил 20 научни труда.

### а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. Daliborka Blazeska, Vladanka Davkovska, and **Dejan Nakovski.** 2016. HOTEL SERVICE, ASSUMPTION AND STARTER OF THE HOTEL DEVELOPMENT. UTMS Journal of Economics 7 (2): 221–233.
2. Ace Milenkovski, Mijalce Gjorgievski, and **Dejan Nakovski.** 2016. TOURIST VALORIZATION BY APPLYING THE SCORING METHOD. UTMS Journal of Economics 7 (2): 165–173.
3. **Nakovski Dejan**, Ace Milenkovski, and Mijalce Gjorgievski. 2016. ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA. UTMS Journal of Economics 7 (1): 97–108.
4. Mijalce Gjorgievski, Ace Milenkovski, and **Dejan Nakovski**. 2015. LEVEL OF ADOPTION OF TOURISM DEVELOPMENT IN THE REGION OF EASTERN MACEDIONIA, UTMS Journal of Economics 6 (1): 75-83
5. Valentina Mucunska Palevska, Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski.** 2014. THE ROLE OF THE EVENT MANAGEMENT IN CREATION OF COMPETITIVE ADVANTAGE, SYLWAN journal (ISSN: 0039-7660), Vol.158, Issue. 12, 122-133, Impact Factor: 0.263
6. Mijalce Gjorgievski, Ace Milenkovski and **Dejan Nakovski.** 2014. MODEL OF TOURIST VALORIZATION OF LOCATION BY APPLYING THE METHOD OF SCORING (Applied to the region of Eastern Macedonia), Pensee Journal, Vol 76, No. 6;Jun 2014, 272-280, Impact Factor: 0.063
7. Gjorgievski, Mijalce, and **Dejan Nakovski. 2014.** CLIMATIC FEATURES AS A FACTOR FOR DEVELOPMENT OF TOURISM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA. UTMS Journal of Economics 5 (1): 67–77.
8. Mijalce Gjorgievski, Sasko Gramatnikovski, and **Dejan Nakovski.** 2013. GEOGRAPHIC POSITIONING AS A DETERMINATION OF TOURISM DEVELOPMENT OF GEVGELIJA REGION, Special issue, UTMS Journal of Economics 4 (1): 61–69.
9. Mijalce Gjorgievski, Saso Kozuharov, and **Dejan Nakovski.** 2013. TYPOLOGY OF RECREATIONAL-TOURISM RESOURCES AS AN IMPORTANT ELEMENT OF THE TOURIST OFFER, Special issue, UTMS Journal of Economics 4 (1): 53–60.

10. Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski.** 2012. IMPACT OF ECOTURISM IN THE REVITALIZATION OF RURAL SPACES IN THE EASTERN REGION OF MACEDONIA, Journal of International Scientific Publications Ecology & Safety, Volume 6 Part 1

11. Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski.** 2012. TOURISM - THE BASIS FOR LOCAL DEVELOPMENT OF RURAL SPACES IN MALESHEVO REGION. Journal of Settlements and Spatial Planning, Spatial Issue no.1/2012

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. Mijalce Gjorgievski, Ace Milenkovski and **Dejan Nakovski**. 2016. THE IMPACT OF THE RELATIONSHIP AMONG TOURISM AND ENVIRONMENT. ICONBEST, 2016. Skopje. 16–22.
2. Ace Milenkovski, Sashko Gramatnikovski and **Nakovski Dejan**. 2016. THE ROLE OF CULTURAL AND HISTORICAL HERITAGE IN TOURISM DEVELOPMENT OF THE MALESHEVO MOUNTAINS. SITCON, 2016, Quality as a basis for tourism destination competitiveness. September 30.2016. Belgrade. 155–160.
3. Mijalce Gjorgievski, **Dejan Nakovski** and Valentina Mucunska Palevska. 2015. ANALYSIS OF THE TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF ENRICHMENT OF THE TOURIST OFFER THROUGH MANIFESTATIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA. ICONBEST 2015. Skopje. 128–140.
4. Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski**. Beer Fest in Prilep - new tourism brand in Republic of Macedonia, CTTN, 2015. Contemporary Trends in Events and Creative Industry, Novi Sad, Vojvodina, Serbia, 9&10 July, 2015
5. Mijalce Gjorgievski, Valentina Mucunska Palevska and **Dejan Nakovski**. APLICATION OF EFFECTIVE TOOLS IN THE MANAGENET OF LEARNING ORGANIZATION, SGEM 2015. International Multidiscipliary Scientific Conference on Social and Art, 26.08-01.09.2015, Albena, Bulgarija, 2015
6. **Dejan Nakovski**. TYPOLOGY OF MUNICIPALITES IN THE REGION OF EASTERN MACEDEONIA AS A BASIS FOR PLANING OF COMPETITIVE REGIONAL TOURISM DEVELOPMENT, ICESoS 15, 23-24 april, 2015, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina
7. Vedran Milojica, Danijel Drpic, and **Dejan Nakovski**. 2014. DEVELOPING HUNTING TOURISM – A NEW PERSPECTIVE OF ACHIEVING COMPETITIVENESS OF RURAL CROATIA, 3rd INTERNATIONAL SCIENTIFIC SYMPOSIUM ECONOMY OF EASTERN CROATIA – VISION AND GROWTH, Osijek, 22-24 May 2014, Thomson Reuters Web of Science
8. **Dejan Nakovski**. 2013. THE CULTURAL AND HISTORICAL HERITAGE IN FUNCTION OF TOURISM DEVELOPMENT IN THE MALESHEVO MOUNTAINS, Center of Excellence in the humanities “Alma Mater” & Sofia University “St. Kliment Ohridski”, 2013, Sofia
9. Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski**. 2013. RELIGIOUS OBJECTS IN SKOPJE (SPECIFIC URBAN-THEME TOURIST ATTRACTION), Contemporary trends in tourism and hospitality, 2013, Novi Sad

## 2.2.2.2. После избор во звање доцент

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

После изборот во звање доцент, д-р Дејан Наковски објавил 5 научни трудови во меѓународни признати списанија.

1. Ace Milenkovski, Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski.** 2020. THE IMPACT OF THE TRAFFIC INFRASTRUCTURE ON THE TOURIST DESTINATION. UTMS Journal of Economics 11(1): 43–47.
2. Ace Milenkovski, Sashko Gramatnikovski, and **Dejan Nakovski.** 2019. STATISTICAL DATA IN TOURISM RESEARCH. UTMS Journal of Economics 10 (1): 57–66.
3. Ace Milenkovski, Mijalce Gjorgievski, and **Dejan Nakovski.** 2018. TERMAL/MINERAL SPRINGS INDUSTRY: NEED FOR TRANSFORMATION IN FUNCTION OF TOURISM. UTMS Journal of Economics 9 (2): 181–188.
4. **Dejan Nakovski,** Ace Milenkovski, and Mijalce Gjorgievski. 2018. INDICATORS FOR DEFINING THE EMITTING AREAS IN TOURISM. UTMS Journal of Economics 9 (1): 39–48.
5. Mijalce Gjorgievski, Ace Milenkovski, and **Dejan Nakovski**. 2017. THE IMPACT OF TOURISM IN ECONOMIC SUSTAINABILITY OF PROTECTED AREAS. UTMS Journal of Economics 8 (3): 209–217.

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

После изборот во звање доцент, д-р Дејан Наковски објавил 4 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1. **Dejan Nakovski,** Ace Milenkovski and Mijalche Gjorgievski. CONTEMPORARY CHALLENGES OF TOURISM. ICONBEST 2020. Alternative paths for development of emerging economies in global business environment. 11 November, 2020. Skopje.
2. Mijalche Gjorgievski, Ace Milenkovski, **Dejan Nakovski** and Tatjana Janeva. RELATINOSHIP BETWEEN NATURAL ENVIRONMENT AND RELIGIOS HERITAGE IN ENRICHING THE TOURISM OFFER. CTTH2019. Get ready for I Generation. 243–248.
3. Ace Milenkovski, Mijalce Gjorgievsi and **Dejan Nakovski**. CITY-BREAK TRAVEL AND MOTIVATION – CASE STURY SKOPJE. CTTH 2017. New spaces in cultural tourism. September 2017. Novi Sad.
4. Ace Milenkovski, Sashko Gramatnikovski and **Dejan Nakovski**. THE ROLE OF CULTURAL AND HISTORICAL HERITAGE IN TOURISM DEVELOPMENT OF THE MALESHEVO MOUNTAINS. SITCON, 2016. Quality as a basis for tourism destination competitiveness. September 30, 2016. Belgrade.

## 2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучи, оцени и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Дејан Наковски во наставно-научно звање вонреден професор.

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

## 2.2.3.1. Пред избор во звање доцент

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

1. Ace Milenkovski, Mijalce Gjorgievski, and **Dejan Nakovski. 2016.** TOURIST VALORIZATION BY APPLYING THE SCORING METHOD. UTMS Journal of Economics 7 (2): 165–173.

   - *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* ___ а.а.
   - *Објавен во:* EBSCO
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 30%
   - *JEL класификација:* Q26; L83

*Опис на трудот*
Авторите во трудот прават анализа на валоризацијата на туристиките ресурси, посебно анализирајќи го методот на поени со чија примена го валоризираат анализираниот простор на идточниот дел на Република Македонија. Посено ја истакнуваат важноста на процесот и постапката на валоризција за која сметаат дека е најважно и најкомплексно прашање во теоријата и во праксата на туризмот, осебено во туристичките истражувања кои се однесуваат на туристичките дестинации, посебно доколку станува збор за недоволно туристички активирани и искористени простории каков што е случајот со просторот кој е предемт на анализа во трудот. Во трудот авторите имаат правилен методолошки пристап, со конкретна поставена хипотеза и класификација на елементите кои се предмет на туристичка валоризација на просторот. Главниот дел на трудот ја опфаќа валоризацијата со примена на методот на поени посебно за секој од клсифицираните елементи и тоа: сообраќајната инфраструктура, природните ресурси и антропогените ресурси. За секоја валоризација посебно авторите при примената на методот имаат изготвено соодветен клуч според кој што ја валоризираат вредноста на ресурсите. На основа на добиените резултати од направената валоризација во заклучокот на трудот авторите ги сумираат резултатите и прават типологија на оценуваните елементи според нивната туристичка вредност.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во опставувањето на методот на поени за валоризирање на одреден простор, чија што применливост може да биде за секој простор со анализа, односно туристичка оцека на дадените и класифицирани елементи.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност во анализираниот простор.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Daliborka Blazeska, Vladanka Davkovska, and **Dejan Nakovski.** 2016. HOTEL SERVICE, ASSUMPTION AND STARTER OF THE HOTEL DEVELOPMENT. UTMS Journal of Economics 7 (2): 221–233.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ a.a.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* L83; M31; M12

*Опис на трудот*
Во трудот посебно се обрнува внимание на хотелската услуга и кадрите кои се нејзин незаобиколен и незаменлив чинител, и од кои зависи задоволството на гостите. Посебен акцент се стави на следење на задоволството од хотелската услуга на посетителите на хотелските комплекси. Добиените резултати потврдуваат дека Република Македонија е препознаена на туристичкиот пазар по големото и уникатно гостопримство на популацијата воопшто, но и на кадрите во туризмот, но тоа не значи дека во иднина не треба да се работи на уште поголемо усовршување на квалитетот на услугите.
Од сите изведени согледувања од предметното истражување сепак како главен заклучок се наметнува дека туристите преферираат интегриран квалитет на ниво на дестинацијата, што апсолутно се вклопува во искуствата за современите трендови за развој на туризмот. Имено квалитетот на сите поединечни услуги во дестинацијата кои го чинат имиџот на истата подразбира системско делување на сите чинители на развојот на туризмот. Во фокусот на целосно придобивање на довербата на гостинот и негово повторно враќање во хотелот/дестинацијата како крунски чинител останува квалитетот на услугата и вработените како нејзини иманентни творци.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес овој труд на кандидатот се однесува на научното претставување на влијанието на квалитетот на хотелската услуга врз равојот на туризмот во една земја. Главно во трудот авторот дава насоки за подобрување на квалитетот на услугите, кое ќе доведе до поголемо задоволство на корисникот и донесување на одлука за повторно користење на истата услуга.

*Личен научен придонес на авторот*
Личниот придонес на кандидатот во овој труд изнесува 30 % и се состои во неговото теоретско и методолошко познавање на квалитетот на услугите кој е од приоритетно значење врз целокупниот развој на една компанија па и пошироко врз развој во туризмот. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на маркетингот на услугите, поточно познавањата за квалитетот на услугите, кој пред се зависи од кадарот кој придонесува во насока на подобрување на задоволството на корисникот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. **Nakovski Dejan**, Ace Milenkovski, and Mijalce Gjorgievski. 2016. ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA. UTMS Journal of Economics 7 (1): 97–108.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* Q26; L83

*Опис на трудот*
Во трудот авторите го детектираат карактерот на туристичкото движење во Република Македонија, посебно потенцирајќи го нискиот степен на развој на туризмот, притоа како една од причините го нотираат изразениот сезонски каркатер на туристичкото движење во државата. При анализата се користени статистички податоци за туристичкото движење, реализираните ноќевања од страна на туристите, просечната должина на престојот како и сезонскиот карактер на туристичкото движење и посетеноста на туристите по видови на туристички места. Од направената анализа во трудот авторите доаѓаат до резултати кои укажуваат дека туристичкото движење во Република Македонија е со изразен сезонски карактер во текот на летните месеци од годината и со изразена просторна концентрација во само три туристички центри во земјата. Добиените сознанијиа авторите во трудот ги компарираат со постојната туристичка понуда на земјата и доажаат до заклучок дека е неопходна потребата од промена и збогатување на севкупната туристичка понуда со која во иднина треба да се анулираат несаканите постојни состојби во туризмот во однос на сезонскиот карактер и просторната концентрација, преку временска и просторна дисперзија на туристичкото движење во Република Македонија.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во заклучните согледувања каде се укажува на неопходноста од збогатување на туристичката понуда за да се задоволат современите побарувања и потреби на туристите, со што ќе се допринесе за порамномерен просторен и временски распоред на туристичкото движење а со самото тоа ќе се зголеми степенот на туристичкиот развој во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (40%): Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност во анализираниот простор.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. Mijalce Gjorgievski, Ace Milenkovski, and **Dejan Nakovski**. 2015. LEVEL OF ADOPTION OF TOURISM DEVELOPMENT IN THE REGION OF EASTERN MACEDIONIA, UTMS Journal of Economics 6 (1): 75-83

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски

- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* Q26; L83

*Опис на трудот*

Трудот ја обработува и анализира туристичката понуда и степенот на туристички развој во регионот на источниот дел на Република Македонија. Во создавањето на трудот се земени во предвид природно географските карактеристики на просторот и потенцијалите за развој ан туризмот во регионот од една страна и истите се споредени со постојната туристичка искористенот на просторот. Направена е длабинска анализа на обработените статистички податоци кои се основни показатели за степенот на туристичкот развој на просторот, тоа се сместувачките капацитети и нивната искористеност, динамиката на туристичкото движење, бројот на туристички посети и остварени ноќевања, одделно за домашни и странски туристи, на крајот од статистичките показатели е обработен реализираниот туристички промет како важен показател за степенот на туристички развој во просторот. На основа на анализираните податоци е донесен соодветен заклучок кој укажува на недоволната искористеност во туристичка смисла на просторот, односно недоволниот степен на негов туристички развој со препораки за подобрување и зголемување на туристикото движење во регионот на источниот дел на Република Македонија.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот се состои во одредувањето на степенот на туристички развој на регинот и препораките и моделите кои се потребни да се применат за подобрување на степенот на туристичка активност на регионот.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен придонес на авторот (30%): Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност на регионот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

5. Mijalce Gjorgievski, Saso Kozuharov, and **Dejan Nakovski.** 2013. TYPOLOGY OF RECREATIONAL-TOURISM RESOURCES AS AN IMPORTANT ELEMENT OF THE TOURIST OFFER, Special issue, UTMS Journal of Economics 4 (1): 53–60.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* Q26

*Опис на трудот*

Во трудот авторите прават анализа и класификација на туристичките ресурси кои се во функција на рекреативните елементи на туризмот, односно истите ги дефинираат како рекреативни туристички ресурси. На почетокот во трудот ги дефинираат и детерминираат термините туризам и го дефинираат туризмот во контекст на рекреативната туристичка функција а со тоа ја потенцираат важноста на рекреативните туристички ресурси. Авторите во трудот посебно ја анализираат улогата на рекреацијата во туризмот, при што ги потенцираат врските помеѓу туризмот, одморот и рекреациајта, но исто така преку типологијата на туризмот ја истакнуваат важноста на рекреацијата од која произлегува посебен тип на туризмот а тоа е рекреативен туризам. Главнио дел на трудот авторите го концентрираат на типологијата на ресурсите кои се неопходни за рекреативниот туризам или рекреацијата во туризмот и истите на систематски начин ги класифицираат според генезата како природни и антропогени, според атрактивноста, според комплексноста, како и според локацијата. На самиот крај во заклучокот авторите на основа на анализите и истражувањата заклучуваат дека рекреативните туристички ресурси се многу важни при одлучување на туристите за изборот на туристичката дестинација.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во направената типологија и класификација на ресурсите, која типологија е применлива за сите туристички дестинации и за сите туристички форми.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност во анализираниот простор.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6. Mijalce Gjorgievski, Sasko Gramatnikovski, and **Dejan Nakovski.** 2013. GEOGRAPHIC POSITIONING AS A DETERMINATION OF TOURISM DEVELOPMENT OF GEVGELIJA REGION, Special issue, UTMS Journal of Economics 4 (1): 61–69.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* R12, R19, O18

*Опис на трудот*
Овој труд се концентрира на Гевгелија, нејзината географска положба и нејзината улога во развојот на коцкање во туризмот. Алеутскиот туризам како посебна форма на туризмот, за некои светски познати туристички дестинации е главната форма на туризам. Во некои од нив, како што во Лас Вегас и Монте Карло, алеутскиот туризам беше основна форма на туризмот, што уште повеќе со текот на времето иницираше на брз економски развој и благодарение токму на овој вид на туризам, денес се едни од најпосетените туристички дестинации. Гевгелија со своите казина, во комбинација со други фактори кои влијаат на развојот на коцкарскот туризам, особено

географска положба, имаат одлични можности за поголем развој што денес е во почетна фаза и во иднина со еволуцијата на туристичка дестинација, Гевгелија може стана позната и посакувана туристичка дестинација.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во одредување на географската позиција на просторот за конкретниот вид на туризам кој може да се применува во идното планирање на туризмот во просторот од страна на сите заинтересирани страни, од локално па до национално ниво.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): Обезбедување и анализа на податоците за географските карактеристики на просторот, и нивно поврзување со можностите за развој на туризмот во Гевгелија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

7. Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski.** 2012. IMPACT OF ECOTURISM IN THE REVITALIZATION OF RURAL SPACES IN THE EASTERN REGION OF MACEDONIA, Journal of International Scientific Publications Ecology & Safety, Volume 6 Part 1

- *Достапност на трудот:* https://www.scientific-publications.net/download/ecology-and-safety-2012-1.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1313-2563
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%

*Опис на трудот*
Трудот претставува научен труд во кој што се дадени основните концепти, принципи и дефиниции на екотуризмот како алтернативна форма на туризам и какво е неговото влијание врз ревитализација на просторот посебно на руралниот простор во регионот Источна Македонија. Во првиот дел од трудот е презентирано научното сфаќање за поимот екотуризам, каде што истиот се третира како вид на туристичко движење *(селективен вид на туризам)* чиј што развој се заснова на валоризација на природните туристички мотиви, и се одвива во простори кои се одликуваат со сочувана и атрактивна природа. Ова е сфаќање за екотуризмот во поширока смисла. Овде се претставени и принципите на екотуризмот кои се прифатени од пошироката научна јавност и тоа: туристичката дестинација мора да претставува еколошко опкружување; туристичката дестинација да ја посетуваат екотуристи: туристи кои се движат во мали групи 2-15 лица, љубители и подржувачи на природата и локалната култура...; туристичката дестинација треба да биде еколошка средина со препознатливи заштитени споменици, сеедно дали се природни, културни или архитектонски; туристичките активности во дестинацијата треба да бидат *„еколошки активности“*, тоа подразбира: прошетки, набљудување и проучување на флората, фауната и геологијата, спортови во природа, дружење со домаќините и локалното населени, купување на афтохтони производи...; во туристичката дестинација туристите мора да се користат со еколошки превозни средства: велосипеди, коњи, магариња, електро автомобили, електро возови, електро чамци, веслање, едрење... туристите да имаат добиено *„еколошки*

*информации"* и да бидат спремни и подготвени за местото кое ќе го посетат за да можат да уживаат во него. Исто така и домаќините мора да бидат спремни за туристите, како би можеле да им овозможат добар престој и добра претстава за себе и за природата. Од принципите понатака се изведени компонентите и основните карактеристики на екотуризмот.

*Научен придонес на трудот*
Научен допринос на трудот: во овој труд на кандидатот научниот допринос се гледа во научното преставување на принципите на екотуризмот како современ општествен феномен и нераскинлив дел на современото живеење. Тој светски тренд треба да се инплементира и кај нас, каде преку студија на случај на еден простор се дава научна основа како тоа да се реализира. Точно се наведени кои принципи и критериуми треба да ги задоволи одреден простор како би можело да се организира и развива екотуризмот, но со тоа да не се предизвика деградација и уништување на животната средина а воедно и задржување на степенот на одржливиот развој.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен допринос на авторот (50%): личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност а тоа е туристичката географија, при што користејќи го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат како оваа форма на туризам би можела да се развие на овие простори.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

8. Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski.** 2012. TOURISM - THE BASIS FOR LOCAL DEVELOPMENT OF RURAL SPACES IN MALESHEVO REGION. Journal of Settlements and Spatial Planning, Spatial Issue no.1/2012: 177-183.

- *Достапност на трудот:* http://jssp.reviste.ubbcluj.ro/arhiva/vsn12012en.html
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* SCOPUS
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2069-3419
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%

*Опис на трудот*
Во трудот „Туризмот – основа за локален развој на руралниот простор во Малешевијата", на систематски начин и со примена на правилен методолошки приод е разработена врската помеѓу туризмот, како специфична стопанска дејност со сите свои особености и локалниот развој на руралниот простор, на примерот на Малешевијата.
Согласно проблематиката кој се обработува во овој труд, а тоа е: ревитализација и локален развој на руралниот простор со помош на туризмот како инструмент за спроведување или помагање во процесот на ревитализација, во продолжение е направена неопходната демографска анализа на просторот кој е предмет на обработка, со цел да се потенцира дека станува збор за рурален простор. Освен тоа авторот според основните демографски карактеристики, ги истакнува населените места во Малешевијата, кои ги окарактеризира како „живи села" во кои постојат реални демографски предуслови или демографска база за понатамошен развој на руралниот туризам, потенцирајќи ја важноста на демографскиот потенцијал.

*Научен придонес на трудот*

Научен допринос на трудот: Авторите на оригинален начин му приоѓаат на проблемот за ревитализација на одреден рурален простор преку развој на туризмот. На зададениот простор е направена комплетна анализа на сите можни фактори, преку која би се одредила вистинската стратегија за развој на таа просторна целина. Поентата е во тоа што иако се работи за рурален простор сепк најзначаен фактор и елемент сепак е човечкиот фактор, каде туризмот не би бил основна туку дополнителна дејност на тие селски домакинства.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен допринос на авторот (50%): личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата специјалност од областа на алтернативните видови на туризам и од областа на просторното планирање. Тој во овој труд го обедини и имплементира своето знаење во територијалниот развој и ревитализација на зададениот простор.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. Mijalce Gjorgievski, Ace Milenkovski and **Dejan Nakovski**. 2016. THE IMPACT OF THE RELATIONSHIP AMONG TOURISM AND ENVIRONMENT. ICONBEST, 2016. Skopje. 16–22.
    - *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/iconbest-2016
    - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
    - *Опсег на трудот:* ___ а.а.
    - *Објавен во:* _______________
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-4593-48-5
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 30%

*Опис на трудот*
Авторите во трудот културно-историското наследство го поставуваат како развоен антропоген елемент и ресурс кој има огроман улога во севкупниот туристички развој, посебно во руралните послабо развиени туристички простори, каков што е случајот со просторот кој е анализиран во трудот. Методолошкиот приод во трудот е правилно поставен, основната хипотеза е: културно-историското наследство во просторот на Малешевијата може да биде употребено за збогатување на постојната туристичка понуда, да ја зголеми атрактивноста и да допринесе за раст на туристилкото движење во просторот. Во делот на истажувањето авторите на систематски начин прават типологија на културно-историското наследство во простоорот, јасно потенцирајќи ги туристички најзначајните и најатрактивни ресурси, за кои авторите се на мислење дека треба да бидат носители на туристичката понуда. Собраните податоци хронолошки се претставени табеларно и прегледно, при што посебен акцент авторите ставаат на степенот на досегашното туристичко движење и посетеност на одделните културно-историски ресурси. Со анализата на податоците е добиена реалната посетеност на одделните ресурсни потенцијали, со што се детектирани најатрактивните културно-историски туристички мотиви, но истовремено се добиени сознанија за останатите антропогени ресурси кои имаат големи туристички потенцијали.
*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во заклучните согледувања каде авторите ја потенцираат улогата на културно-историското во афирмирање и создавање на современа туристичка понуда на просоторот.
*Личен научен придонес на авторот*

Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност во анализираниот простор.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Ace Milenkovski, Sashko Gramatnikovski and **Nakovski Dejan**. 2016. THE ROLE OF CULTURAL AND HISTORICAL HERITAGE IN TOURISM DEVELOPMENT OF THE MALESHEVO MOUNTAINS. SITCON, 2016, Quality as a basis for tourism destination competitiveness. September 30.2016. Belgrade. 155–160.

- *Достапност на трудот:* http://sitcon.singidunum.ac.rs/2017/wp-content/uploads/sites/4/2017/06/zbornik-radova-sitcon-2017.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* _______________
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-86-7912-665-8
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%

*Опис на трудот*
Авторите во трудот културно-историското наследство го поставуваат како развоен антропоген елемент и ресурс кој има огроман улога во севкупниот туристички развој, посебно во руралните послабо развиени туристички простори, каков што е случајот со просторот кој е анализиран во трудот. Методолошкиот приод во трудот е правилно поставен, основната хипотеза е: културно-историското наследство во просторот на Малешевијата може да биде употребено за збогатување на постојната туристичка понуда, да ја зголеми атрактивноста и да допринесе за раст на туристилкото движење во просторот. Во делот на истажувањето авторите на систематски начин прават типологија на културно-историското наследство во простоорот, јасно потенцирајќи ги туристички најзначајните и најатрактивни ресурси, за кои авторите се на мислење дека треба да бидат носители на туристичката понуда. Собраните податоци хронолошки се претставени табеларно и прегледно, при што посебен акцент авторите ставаат на степенот на досегашното туристичко движење и посетеност на одделните културно-историски ресурси. Со анализата на податоците е добиена реалната посетеност на одделните ресурсни потенцијали, со што се детектирани најатрактивните културно-историски туристички мотиви, но истовремено се добиени сознанија за останатите антропогени ресурси кои имаат големи туристички потенцијали.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во заклучните согледувања каде авторите ја потенцираат улогата на културно-историското во афирмирање и создавање на современа туристичка понуда на просоторот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност во анализираниот простор.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. Mijalce Gjorgievski, **Dejan Nakovski** and Valentina Mucunska Palevska**.** 2015. ANALYSIS OF THE TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF ENRICHMENT OF THE TOURIST OFFER THROUGH MANIFESTATIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA. ICONBEST 2015: 128–140.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/iconbest-2015
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* ______________
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-4593-48-5
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%

*Опис на трудот*
Авторите во трудот прават анализа на туристичката понуда на Република Македонија, која низ анализата на досегашната состојба во туристичкото движење и туристичкиот промет остварен во изминатиот десетгодишен период укажува на доста трсдиционална туристичка понуда која не соодветствува со современите потреби и барања на туристите, поради што авторите сметаат дека и досегашното туристичко движење во земјата изразеноп низ соодветните индикатори е на такво незадоволително ниско ниво.
Во трудот авторите имаат правилен методолошки пристап, со конкретна поставена хипотеза и класификација на елементите кои се предмет на туристичка анализа на понудата. Главниот дел на трудот ја опфаќа анализата на индикаторите во десетгодишниот период од 2004 до 2014 година, како и анализа на сезонскиот карактер и на просторната дистрибуција на туристите. Резултатите од анализираните податоци ги доведуваат авторите до заклучок дека е неопходна промена и дополнување на туристичката понуда преку манифестациите кои имаат доволно атрактивни атрибути да бидат носители на современата туристичка понуда.
*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во детектирањето на една од причините за актуелните туристички активности во традиционалната туристичка понуда и препораката за поставување на нови содржини и активности со цел на осовременување на туристичката понуда на земјата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност во анализираниот простор.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. Mijalce Gjorgievski, **Dejan Nakovski** and Sashko Gramatnikovski**.** 2015. SPATIAL DISPERSION OF TOURIST ATTENDANCE IN THE NATIONAL PARK MAVROVO. ICONBEST 2015: 186–194.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/iconbest-2015
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* ______________
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-4593-48-5

- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%

*Опис на трудот*

Во трудот авторите на систематски начин прават анализа на туристичкото движење во просторот на Националниот парк „Маврово“, посебно ставајќи го акцентот на туристичката просторна дисперзија која ја поврзуваат каузално со туристичката понуда на анализираниот простор. Методолошкиот пристап е правилно поставен во однос на класификација на сегментите и индикаторите кои се предмет на анализата во трудот. Резултатите и дискусијата се однесуваат на основниот туристички индикатор а тоа е сместувачката инфраструктура и нејзиниот капацитет, која авторите ја анализираат како основа за туристичката понуда на Маврово. На основ на истата инфраструктура авторите прават компарација со бројот и структурата на туристите кои го посетуваат националниот парк, кои податоци ги споредуваат во однос на истите индикатори на териотријата на државата. Добиените ресултати како и направената допонителна анализа на предностите и недостатоците ги доведуваат авторите до заклучок дека поради недоволната квалитетна и квантитена туристичка понуда изразена преку индикаторите е причина за недоволниот степен на туристичка развиеност на просторот, поради што се на мислење дека е неопходно интервенирање во идното туристичко планирање, и за истоо даваат конкретни предлози и мерки.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот се состои во нотирањето на причините за степенот на туристички активности во просторот, но исто така и во препораките за активностите кои треба во иднина да се превземат со цел на збогатување и осовременување на туристичката понуда на Националниот парк Маврово.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен придонес на авторот (30%): Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност во анализираниот простор.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

5. Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski.** 2013. CLIMATIC FEATURES AS A FACTOR FOR DEVELOPMENT OF TOURISM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA. ICONBEST 2013: 376–383.
    - *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/iconbest-2013
    - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
    - *Опсег на трудот:* ___ а.а.
    - *Објавен во:* _______________
    - *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
    - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN: 1857-6974
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 50%

*Опис на трудот*

Во трудот посебно се обработува влијанието на климата како природен фактор врз развојот и планирањето на туризмот во анализираниот простор на Република Македонија, авторите ја издвојуваат климата како еден од најважните фактори посебно кога станува збор за двете основни масовни туристички форми претставени преку летниот капалишен и зимскио

спортскиот туризам. Методолошкиот пристап е правилно поставен во однос на класификација на сегментите и индикаторите кои се предмет на анализата во трудот. Во главниот дел од трудот авторите посебно ги анализираат и класифицираат темературните показатели и истите ги ставаат во корелација со летниот капалишен туризам, и посебно се анализирани бројот односно должината на денови под снежна покривка кои се во корелација со зимско спортскиот туризам. На база на овие индикатори е направено истражување на показателите за територијата на Република Македонија и се добиени сознанија по основ на двата главни индикатори кои укажуваат на сезонскиот карактер на туристичкото движење и неговата голема зависност од климатските карактеристики.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во зонирањето и детерминирањето на зоните и просторите според климатските карактерситики за развој на одредени туристички форми.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (50%): Обезбедување и анализа на показатели за климатските карактеристики во анализираниот простор.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

## 2.2.3.2. После избор во звање доцент

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. Ace Milenkovski, Mijalce Gjorgievski and **Dejan Nakovski.** 2020. THE IMPACT OF THE TRAFFIC INFRASTRUCTURE ON THE TOURIST DESTINATION. UTMS Journal of Economics 11(1): 43–47.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* Preliminary communication
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* L83; Z32; I15; O18

*Опис на трудот*
Авторите на овој труд имаат за цел да прикажат како се менуваат антропогените надворешни фактори прикажани преку сообраќајната инфраструктура, и како тие влијаат на трансформацијата на нивото на туристички развој на регионот, преку примерот на новата сообраќајна инфраструктура во Република Северна Македонија. Промените предизвикани од новосоздадените надворешни фактори, во иднина ќе иницираат прилагодување и корекција на

постоечките планови за туристички развој на дестинацијата и нов менаџерски пристап во планирањето на туризмот. Туристичката активност во регионот зависи од внатрешни и надворешни фактори кои влијаат на нивото на туристички развој на дестинацијата. Внатрешните и надворешните туристички фактори се надополнуваат и со тоа се меѓусебно зависни. Овие фактори не се константни, така да може да дојде до нивна промена со текот на времето, особено кога станува збор за антропогени фактори. Промените може директно да влијаат негативно или позитивно врз развојот на туристичка дестинација.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во тоа што резултатите од анализата ќе иницираат прилагодување и корекција на постоечките планови за туристички развој на дестинацијата и нов менаџерски пристап во планирањето на туризмот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност во анализираниот простор.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како Preliminary communication.*

2. Ace Milenkovski, Sashko Gramatnikovski, and **Dejan Nakovski.** 2019. STATISTICAL DATA IN TOURISM RESEARCH. UTMS Journal of Economics 10 (1): 57–66.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* Preliminary communication
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* L83; Z32; I15; O18

*Опис на трудот*
Истражувањето на туризмот по својата содржина и методологија се заснова на бројни статистики. Видот и природата на статистичките податоци што се користат во истражувањето за туризмот можат да бидат различни и може да се однесуваат на општи статистички податоци како на пример: демографски, економски, транспортни податоци итн. или тие можат да се применат конкретно на туристичките индикатори. Клучен фактор за квалитетно туристичко истражување, покрај квалитетот на статистичките податоци е и различноста на податоците и постоење на поголема сегментација на туристичката статистика. Тргнувајќи од овој заклучок, авторите на овој труд ќе направат една анализа и споредба со бенчмаркирање на туристичките статистики кои се достапни во земјава, со посебен акцент на нивната сегментација со цел да се забележат конкретните недостатоци.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во тоа што добиените резултати ќе покажат на разлика во претставувањето на туристичката статистика по официјални извори. Ова укажува на потребата за одредени квалитативни промени во методологијата на прибирање податоци и објавување. Според мислењето на авторите, резултатите од истражувањето ќе придонесат за унапредување на разбирањето на важноста на туризмот и статистиката.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен придонес на авторот (30%): Обезбедување и анализа на статистичките показатели при што стражувањето вклучува преглед на неодамнешните податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, податоци од Евростат и од UNWTO – Туризам Статистика. Направена е компаративна анализа за споредување на податоците од овие извори. Истражувањето во овој труд е спроведено со користење на квантитативно истражување методи. За согледување на количината се користени квантитативните методи и сегментација на статистичките туристички податоци. Методи на анализа, синтеза и статистички податоци биле користени и методи на обработка. Исто така, направен е табеларен приказ на обработени податоците и резултатите добиени во истражувањето. Анализата се заснова на секундарно истражување спроведено од август до октомври 2018 година

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како Preliminary communication.*

3. Ace Milenkovski, Mijalce Gjorgievski, and **Dejan Nakovski.** 2018. TERMAL/MINERAL SPRINGS INDUSTRY: NEED FOR TRANSFORMATION IN FUNCTION OF TOURISM. UTMS Journal of Economics 9 (2): 181–188.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* Preliminary communication
- *Опсег на трудот:* ___ a.a.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* L83; Z32; I15; O18

*Опис на трудот*

Велнес туризмот сега прерасна во сериозна форма на туристичко движење и е важен дел од туризмот индустрија со значително економско влијание. Во рамките на велнес туризмот опфаќа повеќе сектори, меѓу кои се: Спа, велнес туризам, термални/минерални извори, велнес на работното место и велнес животниот стил. Велнес економијата сега претставува повеќе од 5% од глобалното економско производство и е речиси половина од големината на сите глобални здравствени трошоци, кои достигнаа 7,6 трилиони долари во 2014 година. Во 2015 година, имаше 121.595 бањи кои работат ширум светот, со приходи од 77,6 милијарди долари, лидер во вкупните приходи од бањите е Европа, бројот на бањи продолжи да се зголемува и нивниот раст на приходите е силен во локалнната валута. Целта на авторите во трудот е да ја прикажат состојбата со Термалните/минералните извори во Република Македонија.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот се состои во тоа што поради овие статистички податоци, авторите се на мислење дека е неопходна потребата за трансформирање на индустријата за термални/минерални извори во функција на здравствен туризам, што исто така е предмет на истражување во овој труд.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен придонес на авторот (30%): Анализата се заснова на опсежни примарни и секундарни истражувања спроведени од август до септември 2018 година. Истражувањето вклучува преглед

на неодамнешната литература и извештаи на бањи, велнес, велнес туризам, термални/минерални извори, велнес на работното место. Секундарни податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија исто така се користени. Направена е компаративна анализа за споредување на податоците од GWI и податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија. Во текот на истражување, користени се повеќе методи на истражување како што се: анализа и синтеза, споредба, методи на статистичка обработка на податоци.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како Preliminary communication.*

4. **Dejan Nakovski,** Ace Milenkovski, and Mijalce Gjorgievski. 2018. INDICATORS FOR DEFINING THE EMITTING AREAS IN TOURISM. UTMS Journal of Economics 9 (1): 39–48.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* Preliminary communication
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *JEL класификација:* Q26; L83

*Опис на трудот*
Проценката на ризикот или проценката на нестабилноста на финансиските пазари, особено на берзанските пазари, е сложена. Туризмот ќе продолжи да расте со побрзо темпо во иднина и ќе биде еден од водечките бизниси во развој на глобалниот просперитет и благосостојба, но тоа ќе биде под големо влијание од современите трендови, како што се: демографски движења изразени со демографските карактеристики на населението; економските трендови изразено со пад на сиромаштијата и раст на средната класа; технолошка револуција и еволуција; дигитализација на општеството и туризмот; модерен и здрав начин на живот; политички тензии; безбедност; закана од тероризам итн. Кога зборуваме за туризам, првите знаци може да се најдат од статистичките показатели, кои го прикажуваат движењето на туристичките пазари и движењето на туристите. Секоја област на земјината топка, повеќе или помалку има одредени атракции кои можат да привлечат туристи.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во тоа што авторите веруваат дека најважното нешто во развој на туризмот е како да се дефинираат целните групи и во која насока да се движат туристичките понуди и дестинации за да можат да бидат привлечни за одредена популација. Целта на овој труд ќе биде анализа на туристички текови во неколку земји од кои ќе ги дефинираме показателите за пронаоѓање на емиситни области во туризмот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (40%): Во трудот, авторите се водат од основната теоретска претпоставка дека на идентификација и известување за главните емисивни туристички области за анализираниот регион треба да придонесе за правилно прилагодување на туристичката понуда на регионот, таргетираниот туризам маркетинг и подобро туристичко планирање на регионот. Имајќи со цел да се направи правилна идентификација, авторите преку примена на деск истражување доаѓаат до неопходните статистички податоци за потеклото на странските туристи

кои ги посетуваат земјите од анализираниот регион. Во понатамошната обработка, авторите користат статистички метод за обработка на податоците, додека добиените резултати дополнително се обработуваат со помош на методот на анализа и споредба.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како Preliminary communication.*

5. Mijalce Gjorgievski, Ace Milenkovski, and **Dejan Nakovski**. 2017. THE IMPACT OF TOURISM IN ECONOMIC SUSTAINABILITY OF PROTECTED AREAS. UTMS Journal of Economics 8 (3): 209–217.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* Preliminary communication
- *Опсег на трудот:* ___ а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-6974
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* Q26; L83

*Опис на трудот*
Националниот парк Маврово има богати и разновидни природни ресурси кои се важен и вреден дел од неговата област. Покрај територијата има и бројни атрактивни туристички предели и амбиентални вредности кои заедно со културно-историското наследство ја збогатуваат туристичката понуда на паркот. Туристичките вредности на Националниот парк е збогатен и комплетиран со бројни сместувачки капацитети и инфраструктура која е изградена со цел да се задоволат потребите на патниците. Според Просторниот план на Република Македонија, Националниот парк Маврово има национално и меѓународно туристичко значење. Затоа авторите сметаат дека е неопходно да се дизајнира туристички развој за областа што ќе се подобри конкурентноста на туристички пазар и да се задржи важноста на регионот за туристите.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во тоа што, авторите ги направија проекциите со анализа која беше направена врз основа на тековната состојба во однос на развојот на туризмот и основата на концептите за одржлив развој на туризмот. Овој пристап треба да овозможи одржливо управување со туризмот за заштитеното подрачје и ќе овозможи зголемено општиот економски развој каде туризмот ќе биде главен поттикнувач.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): При подготовката на трудот и обработката на податоците неколку различни методи на научно-истражувачки студии ѕе користени од областа на туризмот: метод на анализа со кој се анализираат собраните податоци, компаративен метод за споредување на податоци, статистички метод за прикажување на статистички податоци и попис на туристички ресурси кои се предмет на валоризација и SWOT анализа со која се врши проценка на моменталната состојба и се проценуваат изгледите и се утврдуваат придобивките за идниот развој на туризмот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд*

*го оцениле како Preliminary communication.*

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. **Dejan Nakovski,** Ace Milenkovski and Mijalche Gjorgievski. CONTEMPORARY CHALLENGES OF TOURISM. ICONBEST 2020. Alternative paths for development of emerging economies in global business environment. 11 November, 2020. Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/
- *Вид на трудот (категорија):* Review
- *Опсег на трудот:* ___ a.a.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:*
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:* L83; Z32; I15; O18

*Опис на трудот*
Туризмот е економска активност која е многу чувствителна на општествени, економски, политички и безбедносни промени. Такви промените можат да бидат и позитивни и негативни. Тие може да бидат во туристичката дестинација или областа од каде што доаѓаат туристите. Промените може да влијаат на туристите, туристичките работници, туристичките компании, засегнатите страни, локалната заедница итн. Туризмот во Република Северна Македонија не е исклучок и не е имун на такви промени. Тековните промени кои може да се случат се предизвик за целата туризам индустрија но и за туристичките дестинации кога станува збор за нивното управување и развој.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во тоа што, авторите имаат за цел во трудот да ги презентираат современите предизвици на туризмот во земјата, и да предложат модели и нови начини на разбирање на потребата од флексибилни и прилагодливи туристички понуди кои ќе одговорат на современото туристичко движење.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): Методолошкиот пристап при изработката на овој труд се состои од два дела. Во првиот дел анализа на моменталното ниво на разбирање на туризмот во Републиката на Македонија е направен, што се изразува преку туристичките статистички показатели, додека во вториот дел, се нудат решенија кои треба да го збогатат и надополнат туристичкиот производ на земјата во целина како туристичка дестинација. При изработката на трудот се користат повеќе научноистражувачки методи за да се добјат релевантни резултати, такви методи се: статистички метод за статистичко прикажување на податоците, компаративен метод за споредување на податоци, методи на анализа и синтеза со чија примена на собраните податоци се обработени, графички методи за презентација на резултатите и така натаму.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како* Review.

2. Mijalche Gjorgievski, Ace Milenkovski, **Dejan Nakovski** and Tatjana Janeva. RELATINOSHIP BETWEEN NATURAL ENVIRONMENT AND RELIGIOS HERITAGE IN ENRICHING THE TOURISM OFFER. CTTH2019. Get ready for I Generation. 243–248.

- *Достапност на трудот:* http://www.dgt.uns.ac.rs/_extern/ctth/2019/index.php
- *Вид на трудот (категорија):* Review
- *Опсег на трудот:* ___ a.a.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:*
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:*

*Опис на трудот*
Туризмот како општествен и економски феномен, последните две децении прерасна во една од најбрзо растечките индустрии во денешното општество, заедно со неговите алтернативни форми. Тие се создадени да го насочи движењето на луѓето генерално во насока на одржување на животната средина околу него и природните реткости на Земјата, бидејќи човечкото битие во оваа природа претставува само една единица од целиот универзум, ограничен со време и простор. Од друга страна, туризмот е резултат на постигнатото ниво на културен развој во свет, кој се смета за резултат на сите човечки промени, процеси и збир на дела, збогатување на материјалните и духовните богатства на човештвото. Целта на човекот е да ја зачува како и зголемување на слободата и мотивацијата за создавање, преку проширување на човечката слика.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во тоа што, во современиот туризам, особено во областите кои немаат објекти со верски објекти кои имаат огромна привлечна моќ за туристите, мора да се направи комбинација со природното наследство и заедно треба да се создаде атрактивна и конкурентна туристичка понуда. И токму на карактеристика на современиот туризам се состои од мешавина на многу форми на туризам кои надополнуваат еден со друг.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): При изработката на трудот се користат повеќе научноистражувачки методи за да се добијат релевантни резултати, такви методи се: статистички метод за статистичко прикажување на податоците, компаративен метод за споредување на податоци, методи на анализа и синтеза со чија примена на собраните податоци се обработени, графички методи за презентација на резултатите и така натаму.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како* Review.

3. Ace Milenkovski, Mijalce Gjorgievsi and **Dejan Nakovski**. CITY-BREAK TRAVEL AND MOTIVATION – CASE STURY SKOPJE. CTTH 2017. New spaces in cultural tourism. September 2017. Novi Sad.

- *Достапност на трудот:* http://www.dgt.uns.ac.rs/_extern/ctth/2017/index.php

- *Вид на трудот (категорија):* Review
- *Опсег на трудот:* ___ a.a.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:*
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:*

*Опис на трудот*
Урбаниот туризам е многу важна специфична туристичка форма, особено во земјите кои немаат доволно ресурси за развој на традиционални туристички форми (3S), како во случајот со Република Македонија, каде што градот Скопје е најважниот центар за урбан туризам. Туристичкото значење на Скопје, што е, предмет на истражување во трудот е доста големо на што посочува статистиката преку посети и ноќевања на туристи, а особено е важен бројот на странски туристи. Сепак, целта на авторите во овој труд е да се согледаат туристичките мотиви, за кои авторите сметаат дека се многу важни во функција на разбирање на целта на посетата на Скопје, но и во функција на тематските рути во градот Скопје, кои треба да придонесат за туристичката понуда на градот, но и да бидат самостојни или основни туристички мотиви за посета на градот.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во одредувањето и дефинирањето на туристичките рути во урбаниот туризам со осврт на град Скопје, кои треба да се основа за турристичкото планирање и за формирање на туристички понуди кои ќе имаат доволно атрактивни атрибути да бидат самостојни туристички мотиви.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): Собирање и анализа на туристички статистички податоци.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како* Review.

4. Ace Milenkovski, Sashko Gramatnikovski and **Dejan Nakovski**. THE ROLE OF CULTURAL AND HISTORICAL HERITAGE IN TOURISM DEVELOPMENT OF THE MALESHEVO MOUNTAINS. SITCON, 2016. Quality as a basis for tourism destination competitiveness. September 30, 2016. Belgrade.

- *Достапност на трудот:* http://sitcon.singidunum.ac.rs/2016/
- *Вид на трудот (категорија):* Review
- *Опсег на трудот:* ___ a.a.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:*
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 30%
- *JEL класификација:*

*Опис на трудот*

Културното и историското наследство спаѓа во групата на развиени, антропогени вредности, кои играат или можеби играат главна улога во севкупниот туристички развој. Сите предмети кои се дел од културно-историското наследство се карактеризираат со различни нивоа на привлечност, и затоа не се подеднакво значајни за развој на туризмот. Тие објекти од културно-историско наследството, кои се добро сочувано, имаат поголема културна и историска вредност а се карактеризираат со нивната поголема привлечност. Според тоа, ако областа има голем број на такви објекти, тие можат да претставуваат индивидуални туристички мотиви. Спротивно на тоа, има објекти од културно и историско наследство кои се помалку атрактивни и имаат помала туристичка вредност, а со тоа и нивната функција е да ја надополнуваат туристичката понуда на областа. Целта на овој труд е да ги прикаже објектите од културно-историското наследството на Малешевските Планини, преку препознавање на нивните културни и историска вредност како и туристички објекти и атракции. Во просторот на Малешевијата се вклучуваат населби лоцирани таму кои претставуваат атрактивни туризам дестинации во земјата. Во овие населби се развиле и се развиваат неколку форми на туризам како што се екотуризмот, руралниот туризам, планинскиот туризам, зимски спортски туризам итн.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во тоа што имајќи ги предвид постоечките форми на туризам, овој труд ќе ги идентификува можностите што може да ги понуди културното и историско наследство на Малешевските Планини со цел да се дополни и збогати на туристичката понуда и стимулирање на туристичкиот раст на областа.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен придонес на авторот (30%): Собирање и анализа на туристички статистички податоци.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како* Review.

## 2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат неговата повеќегодишна активна научна дејност, и го афирмираат д-р Дејан Наковски како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, доц. д-р Дејан Наковски, опфаќа 29 научни трудови, од кои 16 се во категорија а1, со оглед на тоа што се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавил и 13 трудови од категорија а2, со оглед на тоа што се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажал способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, интерпретација, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени

валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја, за која се предлага во наставно-научно звање.

Д-р Дејан Наковски успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја.

Д-р Дејан Наковски поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Дејан Наковски е квалификуван со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.

Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е 12 ***години активна во научно-истражувачката работа;***
- Изработил и одбранил докторска дисертација;
- Објавила вкупно 16 ***научни трудови од категорија а1*** — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки (**EBSCO** – 16 трудови);
- Во зборници на трудови ***категорија на трудови а2,*** објавила вкупно ***13 трудови***;
- Научни трудови објавува на англиски јазик (29), и на македонски јазик (__);
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на Туристичка географија;
- Активно учествувала на вкупно ***12 меѓународно научни конференции*** *(8 одржани во странство и 4 одржани во земјата)*, со што покажал дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува

дека резултатите од научната дејност на доц. д-р Дејан Наковски по својот опсег, квлитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат географската наука, а особено областа на туристичката географија и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, доц. д-р Дејан Наковски, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредил научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека неговите научни трудови и научен придонес го афирмираат како научник во научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатот ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот доц. д-р Дејан Наковску во целост е квалификуван за избор во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно-истражувачко поле: 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја, во согласност со условите дефинирани во Член 125 Став 3 од Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015; 30/2016 и 127/2016).

# 3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

## 3.1. Наставна дејност

Кандидатот во периодот 2004-2009 година работи како наставник по географија во основните училишта „Гоце Делчев“, „Св. Кирил и Методиј“, „Даме Груев“ и „Методи Митевски Брицо“ - Свети Николе.
Во 2009година е избран за асистент на Меѓународниот Славјански Институт во Свети Николе.
Во 2011 година е избран за асистент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, каде е ангажиран на повеќе наставни предмети од областа на туризмот.
На 27.01.2017 година (со одлука бр.02-3/3) е избран во наставно-научно звање доцент по група предмети од областа на туризмот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
Бил ангажиран во наставата на првиот и вториот циклус на студии и тоа:

1. Ангажираност во настава на прв циклус на студии на предметите: Туризмот и одржливиот развој; Менаџмент на настани; Информациски системи во туризмот и хотелската индустрија; Истражување на туристичкиот пазар
2. Ангажираност во настава на втор циклус на студии на предметите: Политика за развој на туризмот

Во однос на образовната дејност, целовремено активно учествувал во наставните тимови на предметите од областа на туризмот. Совесно и квалитетно ги извршувал своите работни задачи кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава, консултации со студентите за дипломски, семинарски и стручни трудови, како и подготовка и спроведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети.

Кандидатот континуирано учествува во иновирањето на предметните и студиските програми.

Исто така, во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот учествувал во комисии за одбрана на дипломски трудови и магистерски трудови, бил ментор на кандидати во изработка на магистерски трудови и ментор на соработници-асистенти во нивниот наставно-научен развој.

## а) Книги (а2)

- **Дејан Наковски**. Менаџмент на природните ресурси. МЦСП, Свети Николе
    - *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN-978-608-4559-02-3
    - *Книгата го опфаќа научното подрачје на* природните науки*Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
    - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
    - *Проценет придонес на авторот:* 100% (_ а.а.)

*Опис на трудот*
Содржината во книгата „Менаџмент на природните ресурси“ претставува сериозна студија од областа на управувањето и заштитата на прироните ресурси. Во неа авторот ги елаборира основните постулати и принципи на одржливиот развој, како основен концепт за правилно управување со природните ресурси. Книгата е пишувана на високо научно ниво, според стандардите кои важат при пишување на книги од оваа област на современите универзитетит во светот. Во таа смисла оваа книга претставува комплексен и сеопфатен текст од областа на менаџирањето на природните ресурси. Од разработката на книгата се наметнува заклучокот дека авторот прави сеопфатно согледување и разбирање на управувањето со природните ресурси. Во книгата се ааналзирани и разработени поделните видови на ресурси, условите за нивно искористување и се дава оценка на нивното правилно управување односно менаџирање.

*Стручен придонес на трудот*
На тој начин авторот прави вешт обид за потенцирање на главните причинители за заштитата и правилно менаџирање на животната средина и природните ресурси како непобитен услов за раст, развој и опстанок на човештвото.

## 3.2. Оценка од самоевалуација

Во 2016 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје била спроведена самоевалуација на наставниот кадар. Во анкетните прашалници пополнети од страна на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент евалуацијата на наставниот кадар се врши со оценки од 1–5.

Според анализата на резултатите, доц. д-р Дејан Наковски била позитивно оценета од самоевалуацијата по сите предмети по кои изведувала наставата со вкупна просечна оценка од 5.

## 3.3. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, доц. д-р Дејан Наковски, самостојно ја подготвува и изведува

наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.

Активно учествува  во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредил наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Кандидатот има решение за акредитација на ментор на студенти на втор циклус студии издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ бр. 20-266/15 од 18.01.2017 година. Бил ментор на над 15 дипломски работи, 12 магистерски трудови и член на комисија за изработка и одбрана на над 25 магистерски трудови.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредила својот наставен процес на Факултетот за туризам особено по предметите Туризмот и одржливиот развој, Менаџмент на настани, Политика за развој на туризмот, Информациони системи во туризмот и хотелската индустрија. Исто така, кандидатот во средината ужива углед на амбициозен  и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на туризмот и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

# 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

## 4.1. Рецензии

Кандидатот, доц. д-р Дејан Наковски, досега не е определн  за член во рецензентски комисии за изготвување на извештаи за избор на соработници и наставници за група предмети од соодветната област.

## 4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, доц. д-р Дејан Наковски, како активна и стручно определена личност, кој со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на пошироката јавност. Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на туризмот. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на неговиот интерес, како и

интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот туристички развој на државата.

# 5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на доц. д-р Дејан Наковски, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, како и врз основа на лично познавање на кандидатот, ние како Комисија заклучивме дека:

- Врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
- Содржината на трудовите што ги достави кандидатот доц. д-р Дејан Наковски и неговото работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник.
- Цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на туризмот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет** на **Факултетот за туризам** на **Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје,** да го избере **доц. д-р Дејан Наковски** во звање **вонреден професор** за група предмети од Научно-истражувачко подрачје: природно-математички науки, научно истражувачко поле 105 Географија, област: 10500 Географија, 10506 Туристичка географија и 10508 Други специфични подрачја.

**Рецензентска комисија:**

**Претседател:** Проф. д-р Васил Граматниковски, с.р.

**Член:** Проф. д-р Аце Миленковски, с.р..

**Член:** Проф. д-р Мијалче Ѓоргиевски, с.р.